СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Седумдесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 септември 1997 година

Скопје, септември 1997 година

СЕДУМДЕСЕТ И ПЕТТА (75) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА
17 СЕПТЕМВРИ 1997 ГОДИНА

1. АБДИ ФАИК 4
2. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР 3, 4, 5, 6, 7, 14, 21 (ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА)
3. БАЈРАМ АМДИ 109
4. ВИДИМЧЕ КИРЕ 1
5. ДИМОВ ЛАЗАР 22
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 77, 79, 81
7. ИБРАИМИ САМИ 53, 54
8. КАДРИУ ЗЕКИР 23, 36, 39, 40
9. КАРОВ ЗВОНКО 32
10. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ 24
11. МИНОВ ПАНЧО 19, 21, 23
12. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 9, 10, 12, 13
13. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1
14. ПЕЦОВ МИРКО 50
15. ПУРДЕ НАЏИ 59, 62, 88, 89
16. РАМАДАНИ САЛИ 66, 68, 71
17. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 7, 8, 14
18. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО 44
19. СТОЈАНОВСКИ БЛАГОЈА 72, 75, 80
20. САМИ ИБРАИМИ 108
21. ТАНТАРОВ ВЕЉО 18, 86, 109
22. ТУДА РАМИ 45, 47
23. ТРАЈКОВ РИСТО 55
24. ТРАЈКОВ МИЛЧО 72
25. ТАИРИ МЕВЉАН 84
26. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 89, 91, 97
27. ШАКИРИ ХИСНИ 25, 31, 81, 83

ДНЕВЕН РЕД-СТР.16

Т.1 - стр. 25 ИНТЕРПЕЛАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА ЧЛЕНОТ НА ВЛАДАТА НА РМ И МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ Д-р ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 септември 1997 година

Седницата се одржа во сала I со почеток во 15,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-дин Тито Петковски - претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам 75-тата седница на Собранието. Процедурално, г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине претседателе, побарав процедурално да настапам, заради следното: претпладнето, кога се обидувавме да ја продолжиме 74-тата седница, констатиравте дека во салата се присутни 75 пратеници. Но, преслушувајќи го тонскиот запис, на него јасно се слуша дека од вашата лева страна беше кажано број 28, присутни пратеници, од вашата десна страна бројот 55 пратеници.

Значи, вкупно 8 3 пратеници и ве замолив во името на дигнитетот на овој Парламент, во името на граѓаните кои не бираа, начинот на кој се симулира или немање кворум, или крајно не е коректен и крајно да девалвира функцијата на Парламентот.

Ова што го кажувам е факт бидејќи стои во тонскиот запис кои се води во техничките служби на Собранието. *

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Видимче, јас пред целата јавност ве повикав јас да ги изборите луѓето во салата. Вие се согласивте тогаш и не знам

од каде сега оваа дополнителна памет.

Одиме на 75-тата седница на Собранието на РМ. Пратениците Кенан Хасипи, Јаким Ивановски, Зоран Крстевски, Николина Трајановска, Тодосија Паунов, Владимир Соколов, Ратка Куљан Зографска, Благоја Стефановски, Борис Костаќев, Ристо Марковски, Драгољуб Поповиќ, Игнатие Богдановски, Исмет Рамадани, Ванчо Чифлиганец, Хисен Рамадани, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници, на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети и претседателот и членовите на Владата на РМ и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записникот од 73-тата седница на Собранието на РМ ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешка на записникот? Нема.

Констатирам дека записникот од 73-тата седница на Собранието на РМ е усвоен без забелешки.

Пратеникот Благоја Силјановски побара дневниот ред на оваа седница да се дополни со информација за настаните што се случија на 2.08.1997 година во Крушево, а по повод прославата на националниот празник на македонскиот народ - Илинден.

Барањето е доставено до Владата на РМ. До денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

Молам претставник на Владата да се произнесе по*" овој предлог.

Г-дин Бузлевски, потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ние во Владата оценивме дека информација не би требало, да прифатиме да се изработи, може ако се согласи пратеникот во форма на пратеничко прашање тоа да се одговори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Силјановски го повлекува предлогот.

Г-дин Силјановски се согласува со предлогот на претставени на Владата.

Пратеникот Звонко Каров на седницата на Собранието на РМ одржана на 24 јули 1997 година при утврдувањето на дневниот ред побара Владата на РМ да изготви и на Собранието да му достави информација за активностите на Владата во однос на откупот и пласманот на грозјето од родот 1997 година и истата да ја достави за првата наредна седница на Собранието.

Владата на РМ денес достави информација за очекуваното производство на грозје од реколтата 1997 година.

Кој е за предлогот информацијата да биде разгледана оваа седница, молам да крене рала. (6)

Пратеникот Фаик Абди на седницата на Собранието одржана на 24 јули 1997 година при утврдувањето на дневниот ред побара Владата на РМ да изготви и на Собранието за оваа седница да му достави информација за степенот на развојот на општините во РМ со посебен осврт за состојбите на град Скопје.

Барањето е доставено до Владата.

До денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во програмата на Владата се планира за наредниот период да се разработува оваа материја преку анализи и студии. Мислам дека е добро во еден нареден период тоа да се направи со оглед на опсежноста на материјата која што се бара со насловот на информацијата. Оттаму во овој момент ние не сме во можност да дадеме ваква информација со оваа содржина која што ја бара. Но, земаме обврска во наредниот период или сегментарно или сеопфатно да излеземе пред Собранието со анализи за оваа материја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Фаик Абди дали се согласувате со предлогот на претставникот на Владата.

Има збор г-дин Абди Фаик.

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, дами и господо пратеници, јас пред еден саат добив доста одговори од пратеничките прашања што ги поставив на неколку седници, помеѓу кои е и ова прашање околу нашите нови општини. Јас се сложувам со г-динот потпретседател, не можеше тоа досега да се направи, а веројатно во догледно време ќе се направи, затоа што е тоа голема потреба да се направи. Сигурно тоа го сакаат и пратениците.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Аце Коцевски во име на пратеничката група на ЛДП при утврдувањето на дневниот ред на седницата одржана на 24 јули 1997

година побара Владата на РМ да изготви и за оваа седница на Собранието да му достави информација за активностите на Владата во врска со приватизацијата на градскиот трговски центар.

Барањето е доставено до Владата на РМ. До денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Сеуште не сме во можност да дадеме сеопфатна информација за оваа материја. Јас би замолил да се гледа после изготвувањето, тоа би го направиле за една од наредните седници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Коцевски, дали се согласувате.

(Се согласува)

Благодарам.

Пратеникот Аце Коцевски во името на пратеничката група на ЛДП при утврдувањето на дневниот ред на седницата одржана на 24 јули 1997 година побара Владата на РМ да изготви и на Собранието за оваа седница да му достави информација за изградбата на железничката пруга од Бељаковце до границата со Република Бугарија.

Барањето е доставено до Владата, но и по оваа информација до денес не е пристигнат во Собранието одговорот на ** Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Предметната информација денеска влезе во владина процедура. Ќе се гледа на комисии, за седницата во понеделник е планирана на дневен ред. Би замолил за наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се согласувате г-дине Коцевски.

Благодарам.

Пратеникот Томислав Стојановски побара Владата на РМ да изготви и на Собранието на РМ за оваа седница да му достави информација за одразот од примената на предлог на тарифниот систем за продажба на електрична енергија врз категоријата домаќинство.

Барањето е доставено до Владата на РМ и до денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ние цениме дека оваа информација која што со овој наслов ја бара ценетиот пратеник, може да се преточи во форма на одговор на пратенички прашања. Може и така да се договориме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г*-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, не се согласувам една вака важна работа да оди како пратеничко прашаше дотолку повеќе што информацијата оди во прилог на авторитетот на Владата во чиј што компетенции е одредуваше на малопродажни цени на електричната енергија. Според тоа, целта на барањето на една ваква информација е да се укаже на тоа дека Електростопанство на РМ на утврдената малопродажна цена од страна нас Владата своеволно додава уште 5% во основа, а тоа не се 5, се нешто повеќе. Според тоа, предлагам да Владата ја прифати оваа сугестија и за наредната седница изготви ваква информација дотолку повеќе што ова прашање Демократската партија на Македонија го проследи како иницијатива и до Уставниот суд на РМ.

Ќе биде добро ако оваа информација претходи и можеби ќе донесе да нема потреба Уставниот суд да решава по една ваква иницијатива.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали после овие- укажувања претставникот на Владата барање информација да се достави до пратеникот, а прашање е после тоа Собранието ќе се согласи да расправа по таа информација.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ние и понатаму  мислиме, цениме дека тоа е сериозна материја која што треба дасе  обработи, меѓутоа, може да се задоволи тоа со одговор во  форма на пратеничко прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Стојановски, дали се согласувате?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Морам да интервенирам, бидејќи има овде премногу цинизам, затоа што ние пратенички прашања ние немаме веќе неколку месеци. Еве користам прилика претседателот да ме информира, дали планира на некоја наредна седница дека ќе имаме пратенички прашања.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Утре во 11,00 часот, а ќе се поставуваат пратенички прашања.

Г-дине Стојановски, дали после овој одговор го повлекувате предлогот или да го ставам на гласање.

Г-дин Стојановски го повлекува предлогот.

Благодарам.

Пратеникот Бранко Арсовски како предлагач побара од денешната седница да се одложи предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за пензиското и инвалидското осигурување и тој да биде разгледан на една од наредните седници.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлозите на одлуките за изменување на одлуките за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието за основање на пратеничка група на Собранието за соработка со Парламентот на Република Монголија и за избор на членови на управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар - Скопје, и предлог на одлуката за именување претставник на Републиката во Советот на водостопанското

претпријатие Брегалница од Кочани. Предлозите ви се поделени.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака.

72 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Слободан Најдовски, Кире Видимче и Наум Симјановски предлагаат на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за дополнување на Законот за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови.

Предлогот на законот ви е поделен.

Молам, еден од предлагачите на законот да ја образложи основаната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, предлогот кој што го денес предлагаме јас и моите колеги Видимче и Наум Симјановски е всушност дополнување на таканаречениот закон за штедачите кои беа ограбени од штедилниците ТАТ, Алва С и Лафци кои ова Собрание го усвои во јули 199 7 година.

Имено, согласно законот за судски такси, граѓаните шпто имаат штедни влогови во спомнатите штедилници при поднесувањето на барање за намирување на побарувањата од стечајната маса на ТАТ, Алфа С и Лафци должни се да платат во 600,00 денари за секое поднесено барање.

Имајќи во предвид и при донесувањето на законот и претставниците на Владата и големиот број на дискутанти кои што учествуваа во расправата при донесувањето на таканаречениот закон за ТАТ, зборуваа дека тој закон што тогаш го донесе Собранието на РМ, е пред се во согласност со определбата на РМ, меѓу другото дека е и социјална држава и треба да помогне на своите граѓани во случаи кога тие се оштетени. И, дека сметаме, со донесувањето на овој закон ќе биде поткрепена и таа теза дека Парламентот на РМ и од социјален аспект ќе им помогне на граѓаните кои што се најдоа оштетени, односно ограбени во случајот на штедилницата ТАТ, Алфа С и Лафци.

И затоа, нашиот предлог на закон всушност е ослободување на граѓаните од судската такса од 600,00 денари која што тие треба да ја платат при поднесувањето на барањето за побарување од стечајната маса на спомнатите штедилници.

Со оглед на тоа што за подмирување на обврските кон штедачите се користат и финансиски средства од буџетот на РМ сметам моите колеги предлагачи сметаат (во салата пратениците меѓусебно разговараат). Јас сметам дека кај пратениците можеби нема интерес г-дине претседателе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам, неколку пати ве предупредив. Продолжете г-дине Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Со оглед на тоа што за подмирување на дел од обврските кон штедачите во овој закон скоро целосно се од буџетот на РМ, јас и моите

колеги предлагачи сметаме дека нелогично е сега на тие граѓани да им се земаат всушност финансиски средства кои што повторно би се слеале во Буџетот на РМ.

Според некои податоци кои што беа изнесени во јавноста само за случајот ТАТ се поднесени некаде околу 12 илјади побарувања од стечајната маса и тоа би изнесувало некаде околу 250 илјади германски марки. Морам да кажам дека во случајот на ТАТ од почеток при поднесување на барањата се наплатуваше судската такса по 60 0,оо денари за во подоцнежниот период таа такса не се наплатуваше, но сепак, остана нерешено прашањето дали поднесувачите на барањата односно штедачите на ТАТ таа такса ќе ја плаќаат од стечајната маса или на друг начин. Затоа сметам дека тоа прашање не треба да остане отворено.

Основата за донесување на овој закон е содржана и во законот за судски такси, објавен во СЛ.весник на РМ број 46 од 1990 година каде во член 11 став 3 е речено дека таксата не се плаќа и во случасите определени со посебен закон.

Затоа јас и Моите колеги предлагачи на овој закон сметаме дека има потреба од донесуваше на овој закон, а со оглед на тоа што не се работи за служен и обемен закон сметаме дека истиот треба да биде донесен и по итна постапка.

Се надевам дека пратениците почитувајќи го и своето гласање на законот кој што во јули 1997 година го изгласа овој Парламент, ќе го поддржат донесувањето на предлог законот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака.

20 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (37)

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот.

Процедурално г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, во вашиот заклучок и предлог прашавте кој е за донесување по итна постапка на законот. Па, можеби јас ќе згрешам, но значи ли тоа дека оценувате дека има потреба од донесување на законот, но не по итна постапка. Ако е така, јас би се консултирал и со останатите двајца предлагачи. Нас не ни е цел од ова да правиме политички маркетинг. Нас не ни е цел и понатаму да си играме со штедачите. Ние знаеме дека вашата пратеничка група т.е. пратеничката група на СДСМ во ова Собрание може да одлучува, бидејќи има мнозинство и од нивната волја ќе зависи и интересот на тие граѓани. Овде не се работи за тоа дека еве ние тројца го предложивме овој закон и дека на таков начин би требало да биде отфрлен.

Јас би се консултирал со моите предлагачи и ако вие предлагате да не биде по итна постапка, сепак оценувате дека има потреба од донесување на тој закон заради волјата на граѓаните, јас сум секогаш спремен да ги надминам своите теснопартиски интереси.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според Деловникот ние гласаме само за итно донесување на закон. Инаку Собранието не ја отфрла идејата за донесување на овој закон во редовна процедура доколку предлагачите го предложат и да глас Собранието.

Значи ли тоа дека го повлекувате Предлогот за донесување по итна постапка.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа.

Ако тоа значи дека тоа ќе оди во редовна процедура и дека ќе го уврстите во дневниот ред кој што денес го предлагате за оваа точка...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте Ве молам.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Тогаш би го преформулирале, само ќе ни оставите време да го преформулираме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро.

Одиме натаму.

Пратеникот Томислав Стојановски побара Владата на РМ да поднесе информација за настаните што се случија на 2 август 1997 година во село Брвеница, седиште на новоформираната општина Брегалница, кога само со самоволна одлука на градоначалникот симнато е од јарболот македонското знаме, со што грубо е прекршен законот за употреба на знамето, грбот и химната на РМ и таа да биде разгледана на оваа седница.

II/2.-

Барањето е доставено до Владата.

Молам, претставник на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Цениме во Владата дека и ова барање за изработка на информација може потребата на пратеникот од негово информирање да биде задоволена со одговор на пратеничко прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-динот Стојановски се согласува со одговорот на претставникот на Владата.

(Се согласува).

Пратеникот Томислав Стојановски побара Владата на РМ да поднесе информација за активноста на илегалната албанска терористичка група во гостиварско и таа да биде разгледана на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Цениме дека и оваа информација може да се преточи во од- говор на пратеничко прашање и да се задоволи потребата на пратеникот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-динот Стојановски е задоволен од одговорот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Барањето за оваа информација е многу посптилно,многу посериозно, бидејќи се работи за трагичен настана, длабоко на територијата на РМ,на одалеченост од 25 км.од македонско-албанската граница

и на само 60-тина километри од главниот град на РМ , Скопје. Сметам дека во интерес и на јавноста и на понатамошните активности на надлежните во државата, за загриженоста кај населението од овој крај по однос на овој настан биде намалена , а би сакал да бидат елиминирани, добро е тоа да биде преточено во една коректна информација, ништо повеќе, која што секако би содржала и мерки кои надлежните во државата евентуално би ги презеле за вакви и слични активности да бидат елиминирани на целиот простор на ТМ. Значи останувам на тоа , ако не за оваа седница, тогаш за идната седница дека ваквата информација е неопходна затоа што при овој настан имаме убиен командир на полициска станица, службеник на МВР. Такво нешто не може да помине со едноставен одговор на пратеничко прашање кое што ќе го добиеме по неколку месеци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

кој е за Предлогот на пратеникот Томислав Стојановски,

молам да крене рака? (21)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Група од 20 пратеници поднесоа Предлог на одлука за основање на анкетна комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година, а Комисијата на изборите и именувањата поднесе Предлог на одлука за состав на Анкетната комисија.

Согласно заклучокот на Собранието усвоен по повод информацијата на МВР за актуелните состојби во Гостивар и Тетово, предлозите на овие одлуки ќе бидат уврстени во дневниот ред на оваа седница.

- Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи д-р Томислав Чокревски;

2. Предлог на закон за осигурување;

3. Предлог на закон за изменување н Законот за висината на стапката на затезната камата;

4. Предлог за донесување на закон за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во кои што Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал имаат акции односно удели, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон з пасиштата,со Предлог на закон;

б. Предлог за донесување на закон з ратификација на Базелската конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасен отпад и негово складирање, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка на поле на патентите (Договорот за соработка) со Европската патентна организација, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за поттикнување и заемна заштита на инвестициите, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за заштита на дивиот свет и природните живеалишта во Европа, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за меѓусебна размена на градежно земјиште за решавање на потребите на дипломатските мисии во главните градови, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за заштита при работа.

13. Предлог за избор на судии во основните судови.

14. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар, на 9 јули 1997 година;

15. Предлог на одлука за состав на анкетна комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година;

16. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на република Македонија;

17. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Монголија;

18. Предлог на Одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички Центар - Скопје;

19. Предлог на одлука за именување претставник на Републиката во Советот на водостопанското претпријатие "Брегалница" - Кочани.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред.

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

По десетина дена во нашава држава ќе почне организирањето на новото производство на лебното жито. Ќе се сее пченицата, јачменот и р^жта.

Со оглед на тоа што оваа акција нашите земјоделци ќе ја водат и дење и ноќе додека да ги посејат сите педи со овие лебни жита и тоа сигурно есенва, по сиромашната жетва што ја имавме годинава,ќе добие посебен третман од сите сили во нашава држава кои , еве, сватија дека лебот се произведува од жито , а не од железо.

Предлагам за наредната седница Владата на РМ да подготви информација за тоа како е извршена претходната жетва односно колку жито собравме во 1997 година, како се одвива исплата на тоа жито и

колку се планира да се посее во текот на нареднава стопанска година, она што станува збор за производство во 1998 година.

На крајот би се заложил , во оваа информација да стане збор и за тоа дали откупната цена на пченицата ќе претрпи корекции, бидејќи 4 години со ред останува во сила една иста цена која за нашите земјоделци не е стимулативна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова секако за наредна седница.

Прашувам сега за денешнава седница .

Дали има предлози за изменување и дополнување на дневниот ред.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас за оваа седница на Собранието предлагам да се постави на дневен ред, како посебна точка, информација за откупот на грозјето од реколтата 1997 година.

Зачудувачки е во едно мајоризирачко гласачко изјаснуваше на оваа седница не ја усвои информацијата да се разгледа, иако Влада- та прифати да изготви и да предлози информација за производството и откупот на грозјето , по предлог на пратеникот Звонко Каров, кој како предлагач, иако од Владата има материјал, прекутно,индолентно не реа- гира .

Сметам дека лозаропроизводството и пласманот на грозјето кое е во екот на реколтата од нај жив интерес за голем број на земјоделци, лозари . Во таа насока би ги потсетил сите пратеници кои се од Велес, Струмица, Валандово, Гевгелија, Кавадарци, Неготино и сите други каде што оваа гранка е застапена во голем обем, ако ги застапувам правилно

пратениците ова сепоавтоматизам бидејќи Владата се согласи да изготви и да му предложи на Собранието точкана дневен ред. Во меѓу-време Владата наместо информација за производство и откуп, предлага само информација за производство. Тоа навистина е ништо и е само од информативен карактер. Проблемите се во делот на откупот.

Само за коинциденција. Овде во оваа информација содржински Владата има констатирано дека како нејзина економска политика и мерка дека цените на грозјето се на минатогодишниот износ, а тоа не е точно во конкретното одвивање на откупот, бидејќи тие се пониски, а плус ни се случи и девалвацијата. Од тие причини, уште еднаш повикувајќи ги пратениците, посебно од земјоделските општини, да се изјасниме по нова информација за откупот на грозјето во 1997 година.

Сметам дека, како што за оваа седница ние добивме десет или дванаесет закони кои по службена должност претседателот ги стави дополнително во дневниот ред и ова треба да се стави, бидејќи е изготвено и предложено од Владата за што се согласи претставникот на Владата да влезе како редовна точка која од кажувањето, во меѓувреме е изготвена и е дојдена до седницата , од овластен предлагач односно Владата на РМ. Така да не треба ни да се гласа туку како последна точка да се стави во дневниот ред информација за откупот на грозјето во 1997 година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

А кој ќе ја даде?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Ја има, еве ја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ама таму пишува, Вие прочитавте што пишува таму.

II/9.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас прочитав што пишува, но кажав дека последните пасоси од оваа информација се однесуваат на откупот, насловот не коинцидира со содржината на информацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За еден пасус нема да освојуваме информација, г-дине Минов

Молам, претставникот на Владата да се произнесе по овој прилог.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Ако нема информација, јас ќе доставам информација до крајот на седницата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кога ќе доставите информација, тогаш ќе ја ставиме на дневен ред.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Веќе беше тема на расправа и произнесување на пратениците информацијата за очекуваното производство од родот на грозјето. Во таа информација има и дел кој се однесува на активностите во врска со откупот на сортното и винското грозје. Пратениците се произнесоа. Тоа е тоа што од Владата односно од министерството се понуди до Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на г-динот Панчо Минов да крене рака? (25)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор г-динот Лазар Димов.

II/10.-

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Јас сакам само да напоменам во функција на веќе изгласаниот предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа веќе е завршено. Ако имате нешто ново предложете.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Имам нешто ново.

Јас би покренал прашање и тоа да го завршиме на оваа сед- 4шца бидејќи проблемот со откупот на грозјето не е битен, а бидејќи Владата има донесено уредба со која е ограничен извозот на винското грозје Всушност прашањето би се состоело во тоа, бидејќи оваа информација тоа би требало да го содржи, зошто и на кој начин врз база на таа информација Владата се одлучила за ограничува&е на извозот на винското грозје. Во таа функција би барал, сега е доцна, бидејќи со оваа информација излезе така и Каров и Минов останаа без можност да се одговори на правото прашање зошто Владата донела уредба со која ја ограничен извозот на винското грозје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Димов, можете Вие утре, кога ќе поставуваме пратенички прашања да ја прашате Владата се, меѓу другото и ова. Меѓутоа немојте овој дом да го оптоваруваме со информации што не се во негова надлежност. Ова е законодавен дом, Ве молам, а тоа спаѓа во доменот на извршната политика и можеме да бараме од неа тоа да го спроведува. Г-дин Минов бара деловничка интервенција.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас не се согласувам со тоа дека тоа е надлежност на извршната власт. Ние овде имаме расправано и за информација за откуп на ориз, за јаболка од Ресен и тн. и треба да се исклучи оваа мајоризација од пратениците на СДСМ во гласањето за таа цел. Како предлагач пратеник јас за наредна седница за 24 овој месец ќе поднесам информација за одледување и откупот на грозјето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, ама ова не е деловничка интервенција.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, господин претседателе,

Имајќи предвид дека денеска сите просветни работници се во генерален штрајк, во знак на солидарност со нив, имајќи ја предвид и нивната тешка економска положба. Јас предлагам на ова Собрание, бидејќи неколку пати оваа тема е поставена тука како дилема и ден денеска уште не е решена, бидејќи Владата од тој аспект многу малку внимание им посветил, а последиците од ова мислам дека подоцна ќе се чувствуваат, за да не ги ставиме во една тешка состојба и дилема просветните работници, јас предлагам денеска да се уврсти на дневен ред и материјалната положба на просветните работници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставник на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Како претставник на Владата, мислам дека можеби желбата да се актуелизира еден денешен настан во областа на образованието го побуди пратеникот да ја покрене оваа тема неможна расправа во Парламентот, меѓутоа, би било крајно несериозно да се бара една таква информација за толку кратко време, или анализа, или расправа

затоа што во текот на своите редовни активности по потреба Владата се навраќа на таквите состојби и тоа е од доменот на нашата тековна активност. Одтаму, цениме дека тоа е неможно да се прифати за денешната седница Владата да направи нешто кое што го бараше пратеникот а не знам што бараше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали прифаќате за наредната седница г-дине Кадриу (прифаќам

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувнаи колеги, една работа што од поодамна ми паѓа во очи, затоа што сакам многу поодамна да ја кажам со надеж дека ќе се изменат работите, меѓутоа, ние се подлабоко навлегуваме во тој проблем и многумина од колегите очекуваа и некој прокоментира ќе побараме информација за тешката материјална положба на лекарите, што јас мислам дека е уште потешка од наставниците затоа што припаѓам на тој еснаф меѓутоа, не излегов затоа, излегов една работа да ја доречам до крај , што ја започна претседателот на Собранието . Јас овој дом го сваќам како законодавен дом и јас и сите ние сме дојдени да градиме закони и на нашите граѓани да им обезбедиме подобар живот, со донесување на законите подобро стопанисуваше, побогат живот на сите граѓани на РМ. Ако почнеме ние на секоја седница за поодделни групи да расправаме за информации и да дебатираме овде по четири дена, како што дебатиравме за настаните во Гостивар, јас незнам до каде ќе стасаме и ние како Собрание и нашиот мандат од овие релативни десетина месеци што остана дали воопшто ќе донесеме некој закон. Така да, предлагам во иднина не гласав ни до сега, нема да гласам и понатаму за таа информација да се разгледува на седницата. Така да на колегата му предлагам да поднесе закон , или да го нападне законот за ограничување на плати, така ќе им

помогне на своите колеги од наставничкиот кадар. Еве колегата од Кавадарци нека изготви некој закон за лозарството, ако го прифати ова Собрание, ние ќе расправаме , а не информација за тоа што ќе се случи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор да предложи изменување и дополнување на дневниот ред. (не)

Тогаш ве молам кој е за предложениот дневен ред да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1 Интерпелација за работата на членот на Владата на РМ и министер за внатрешни работи д-р Томислав Чокревски. Интерпелацијата и дописот на министерот за внатрешни работи г-дин Томислав Чокревски по интерпелацијата ви е доставен. Отворам претрес.

Дали од подносителите сака да ја образложи интерпелацијата.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, г-дине претседателе,

Нашата пратеничка група по интервенција на МВР на 9 јули во Гостивар и Тетово, поднесе интерпелација која е ставена на дневен ред на оваа седница.

Интерпелацијата се однесува за одговорноста на министерот Томислав Чокревски, како член на Владата на РМ и министер за внатрешни работи, за«кој ние сметаме дека е еден меѓу највиновните политички личности од сегашниот политички врв, од македонската политичка гарнитура, за крвави настани во Гостивар. Токму од овие причини ние се определивме како пратеничка група за ова деловничко и уставно право да побараме одговорност за изгубените човечки жртви

и човечки животи и ранети граѓани со огнено оружје, исто така и голем број физички малтретирани и затворени, меѓу кој е и градо- началникот на Гостивар Руфи Османи, и многу други албанци млади од оваа општина.

МВР на чие чело е г-дин Чокревски, не почитувајќи ги уставните одредби и многу други меѓународни конвенции за основни слободи и права на човекот, кои произлегуваат од владини и невладини организации и форуми чија потписничка е и РМ , исто така и одредбите кои произлегуваат од Законот за локалната самоуправа, како задолжителни за Владата, со кој законски акт многу е јасно и децидно регулирано функционирањето на четвртата власт во РМ, односно власт во локалната самоуправа. МВР не респектирајќи ги сите овие акти кои се облигативни на 9 јули направо своевиден преседа , со самиот чин на воведување на вонредна прогласена полициска состојба во општините Гостивар и Тетово, каде од населението го сочинуваат албанци. Нецивилизираниот акт на МВР на 9 јули претставува атак врз општинските институции и непочитување на оние основни принципи и законски одредби кој ја гарантираат демократијата за секој граѓанин исто така и другите вредности за едно стабилно општество. Полициската интервенција на 9 јули во Гостивар, според мојата констатација беше во функција на една политика уперена против албанските интереси, од страна на државниот сегашен апарат кој во последно време се манифестира јавно во разни форми на делување , против албанската култура, јазикот: и образованието. Со еден збор против нашето национално битие. Случајот во Гостивар претставува симнување на сите маски и јавно изразување на антиалбанската политика во редовите на Министерството за внатрешни работи. Со овој акт недвосмислено му се стави крај на сегашната демагошка политика, крај на политиката со која се послужиле врвни функционери и многу други одгворни личности во

државата. Истите со своите настапи било каде во кое време наводно дека во Македонија работите во сферата на меѓуетничките односи се на највисоко ниво и како политичка карта со која постигнавте многу позитивни поени на светската политичка сцена, поготоворечено во оној дел што е во функција на афирмација на вашите национални интереси. И лажното претставување на РМ како демократска земја и оаза на мирот, а гостиварските настани сета оваа политика ја демантираа.

Господа на 9 јули во Гостивар со најбрутални методи беше демонстрирана сила на оваа држава или околу оваа констатација не треба да има дилеми , бидејќи сметам дека е повеќе од точно, настапот на полицијата на овие настани е скандалозен, бидејќи делувањето на министерот за внатрешни работи беше неконтролирано и надвор од сите меѓународни норми и конвенции. Се изврши невиден масакар над голем број граѓани, меѓу нив има деца и стари луѓе кои физички денеска се неспособни. За оваа трагедија мислам денеска некој треба да одговара. Господине министре, МВР на чие чело сте вие на 9 јули изведе најхистерична акција која е споредена и исто така идентична со нападите на вандалските племиња врз градот Рим пред нашата ера. Од овие напади настрадало целото население, исто така и градот беше срамнет со земја и во знак на опустошување, тогашните напаѓачи го посипале со сол местото на настанот. Г-дине министре, ова беше најзлосторнички напад во историјата на стариот век, но чувствувам за потреба да нагласам и тоа дека според историските извори, овој напад беше осуден од многу други племиња од Апенинскиот полуостров. За жал, кога сме на прагот на XXI век нешто слично се случи во Гостивар, вие заедно со премиерот им дадовте големо признание на полицајците учесници во скандалот. Деветти јули ќе се забележи како ден кој го означува негирањето на идентитетот и националните чувства на албанците и тоа

по пат на употреба на оружје и сила. Со овој акт г-дине министре фактички се докажува дека вие сами не го почитувате Уставот , бидејќи сметам повеќе од вистина со овој скандал го повредите целото поглавје на Уставот, во кој се пропишани слободите и правата на човекот и граѓаните, а што е најнесериозно сметам дека вие како човек со академска титула, д-р на правни науки и понатаму останувате со убедување дека интервенцијата е оправдана исто така и во вашиот одговор нашата интерпелација ја отфрлате во целост и ја сметате како груб атак кон овие темелни цивилизациски вредности.

Г-дине министре многу ми е жал како сте дозволите во овој случај да излезете толку ниско и да се повикатите на цивилизациски вредности, без да размислувате за настанот во Гостивар. Констатирам дека вие убиствата и теророт го сметате цивилизациски акт. Според вас, и фашистичката идеологија во II светска војна претставува нешто од овие вредности што вие ги навеовте во одговорот во врска со интерпелацијата. Да напоменам хартијата може да трпи бе. Во конкретниот случај и јас би бил задоволен кога вие г-дине Чокревски навистински би размислувале за цивилизациски човечки вредности , убеден сум дека не би се случила трагедијата во Гостивар. Ние како пратеничка група не поднесовме интерпелација за вашата одговорност затоа што сакавме. Сакам да нагласам дека бевме принудени, бидејќи во Гостивар на 9 јули се пукаше на албанците без никаква милост и таму настана хистерија и ужас. Во дадениот одговор во врска со нашата интерпелација г-дине министре рековте дека го злоупотребивме членот 11 од Уставот на РМ. Овој член г-дине само ни е во функција на заштиеа на интересите на раководните луѓе на државата, туку во подеднакви услови ги заштитува сите граѓани на оваа земја, во дадениот момент и граѓаните во Гостивар и треба да се помирите со овој факт. Исто така

се повикувавте на членовите 1, 8, 20 и 51 од Уставот на РМ. Нагласувам членот 1 гласи:

"Република Македонија е суверена и самостојна демократска и социјална држава..." тн. но изгледа го заборавивте член 2 став 1 кој исто така е составен дел на овој Устав кој гласи:

"Суверенитетот на РМ произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните". И албанците сметам се граѓани на оваа држава и како така токму од овие причини суверенитетот на оваа држава како граѓани им припаѓа и на албанците. Исто така се послуживте и со членот 20. С; чајот во Гостивар не беше насочен кон уривање на уставниот поредок на РМ како вие што сметате, и повикување на некој вид агресија. Агресија г-дине министре дојде од вас, бидејќи нашето национално знаме и пред донесувањето на овој Устав беше истакнато во Гостивар. Тоа треба да го знае јавноста на РМ. Исто така и вие како прв полицаец и Уставниот суд на РМ. Национална и верска омраза без дилема вие ја предизвикувате со вашата полиција, а не граѓаните од Гостивар и Тетово, ниту г-динот Османи, бидејќи сета нивна заложба беше во функција на заштита на наследените права од поранешниот систем ,од кои права не отстапуваме.

Во врска со член 51 на кој вие исто така се повикувате членот 51 став 2 гласи:

"Секој е должен да ги почитува Уставот и законите". Во назначениот момент сметам исто така за потреба да го истакнам и тоа заради вистината и реално информирање на јавноста а не да ве убедам вас бидејќи знам едноставно не сакате ниту имате чувство да се убедите. Да напоменам дека не беше донесен закон за употреба на знамињата. Нашето национално знаме беше употребено според законските прописи од 197 3 година, што е сосема нормално и оправдано. Базирајќи се на

овие факти произлегува дека и одлуката на Уставниот суд беше провокативна и тенденциозна, исклучиво против албанските интереси и вам ви служи како повод за предизвик на инцидент во Гостивар. Инцидент со големи размери. Вие го искористивте четиричасовен вакум, сметајќи од моментот на донесувањето на законот за употреба на националното знаме, тоа значи 8.07. во 20,00 часот и моментот кога интервенцијата следеше 9.07. За овој политички скандал кој беше измислен многу порано некој треба да одговара.

Со оглед на фактот што ние немаме ниту деловничко ниту уставно право, бидејќи немаме доволен број на пратеници да побара- ме одговорност од целата Влада на г-динот Бранко Црвенковски и од претседателот на државата г-динот Киро Глигоров за кои ние констатираме дека се главни актери за гостиварската трагедија,токму од овие причини се определивме да побараме одговорност од вас. Сосема е нормално во дадениот случај како трет човек во оваа афера и извршител на сите наредби во врска со изведување на акцијата во конкретниот случај треба да одговарате вие. Овие настани претставуваат историска грешка за целокупната македонска политика, со што сметам дека се нарушени сите мостови за еден мирен живот и спокојство на албанците во оваа држава. Со овој акт исто така е нарушено не само достоинството на албанците во Гостивар, туку на сите албанци во РМ Измислена стапица за г-динот Османи која се однесува за неговото политичко дискредитирање од страна на Владата, не претставува атак само врз г-дин Османи, туку и атак врез една цела политичка партија и врз сите албанци во РМ.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:** (продолжение)

Денешнава изречена пресуда или казна од страна на основниот суд во Гостивар на г-дин Руфи Османи за мене претставува една драконска казна, бидејќи г-динот Османи, како градоначалник и нивната заложба да кажам беше се во контекст на тоа да ги развива и унапредува демократските процеси во оваа држава. Но, на крај, човекот кој беше во оваа димензија му се изрече една казна што ни Хашкиот суд ниту Хашкиот трубинал за злосторниците во безумната војна во Босна и Херцеговина не ги осудил луѓето кои се обвинуваат за терор и геноцид.

Господа пратеници,

Сакам да истакнам и тоа, прво како граѓанин на оваа држава и како член на овој законодавен дом, мене ме изненади и изјавата и настапот на г-динот министер Томислав Чокревски на 3.09. дека е загрозен интегритетот на Република Македонија во западниот дел од создавање на, наводно параструктури и многу други насоки кои според вас се елементи што можат да ја дестабилизираат Република Македонија.

Господине министре, ваквите политички квалификации се неумерени и некоректни. Многу се штетни бидејќи ќе ја доведат го заблуда секој чесен граѓанин на оваа држава. Нашата политика секогаш била и ќе биде јавна и отворена. Ние, навистина бараме рамноправен третман и од овој политички концепт нема да попуштиме. Но, вие тоа не треба да го сфатите погрешно како елемент што ќе го загрози интегритетот на државата. Интегритетот ќе се загрози од Вас и од сите истомисленици кои се обидуваат со разни инсинуации и клевети проблемите да ги префрлат во други насоки, во насоки што вие ги размислувате во круговите на МВР.

На крајот, употребената полициска сила на 9 јули во Гостивар, господо, сметам дека не беше само против Гостиварчаните туку против сите албанци во оваа земја.

Токму од овие причини, Вие господине министре сносите голема одговорност и треба да одите од оваа функција. За ова прашање очекува|Ле поддршка од Парламентот односно од пратениците.

IV/2

Господа, ако имате чувство за разбирање треба да покажете храброст, особено вие пратениците македонци, доколку имате почитување кон сето она што ние го познав&ме како човечка етика на моралот.

Токму од овие причини, горе наведени грешки во ова Министерство ве повикуваме да ја поддржите интерпелацијата и да гласате за разрешување од оваа функција на министерот за внатрешни работи, г-динот Томислав Чокревски.

Фапа ви.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали министерот Чокревски сака да го образложи својот одговор на интерпелацијата? (Не)

Има збор г-дин Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре и претставник на Владата,

Република Македонија, стекнувајќи ја својата самостојност и независност, својата перспектива како држава што ќе опстанува и ќе се развива понатаму, ја гледаше во афирмирањето и развивањето на една од можеби најбитните определби таа да биде правна држава.

Мошне сериозна, но и тешка определба како за државата, нејзините органи, вработените во нив, функционерите, меѓутоа уште потешка и за граѓаните кои мора да се привикнуваат да ги прифаќаат и почитуваат законите во сопствената држава, законите во земјата каде живеат и работат и ја гледаат својата судбина и својата перспектива.

Развивајќи ги сите аспекти на едно граѓанско и цивилно општество, со трајна определба во Република Македонија постојано како да се сака да с% измести и улогата на еден орган што по својата позиција сосема е јасно определен во уредувањето на земјата и треба да се грижи за мирот

и безбедноста на граѓаните, за нормалното функционирање на институциите на државата и одбрана од насилно спречување на спроведување на закони во земјата каде што тој орган делува.

И, не само тоа. Туку, нејзината улога останува и кога треба да се ангажираат и нејзините припадници, службените лица, полициските сили и да се интервенира секогаш и над сопствените граѓани кога некој дел од нив го загрозува мирот и безбедноста и функционирањето на системот. Впрочем, таа одлука и улога на полицијата ја среќаваме и кај многу поразвиени земји и кај земји со многу подолга традиција во негувањето и развојот на демократијата и демократските процеси во сите сфери на општествениот живот.

Во никој случај развојот на едно граѓанско и цивилно општество не смее да ја минимизира и отфрли основната улога и задача на МВР, да се грижи за зачувување на јавниот ред и мир во државата.

Мислам дека беше добро што неколку дена во Собраниево на Република Македонија се разгледуваше Информацијата за актуелните состојби во општините Гостивар и Тетово, како што мислам дека не беше добро што не се разгледуваа или не сакаше да се разгледаат од најголем број дискутанти, сите аспекти што ги нудеше и даваше Информацијата. По таа расправа Собранието донесе и одредени заклучоци.

Денеска повторно се покренува прашањето, овој пат за интерпелацијата на министерот за внатрешни работи на г-динот Томислав Чокревски, како продолжение од таа расправа и продолжение од тој настан. Се разбира дека тоа е право на оние кои ја поднесуваат, меѓутоа ќе мораме повторно да бараме да се произнесат и тие зошто дојде до тој настан. Изгледа повторно ќе мора да ги поставуваме истите прашања, за кои, за жал не се доби одговор од расправата по Информацијата.

Дали е виновен г-динот Чокревски што се ангажираше полицијата во заштита и спроведување на закон што утврди и го регулира правото да се изразува посебноста на припадниците на националностите преку симболот знаме? Собранието гласаше, 63 гласа за. Вие, колеги не гласавте. Треба да се почитува тој закон.

IV/4

Дали постоеше макар малку волја, разбирање и желба или пак малку да се насетуваше од оние што требаше да го спроведат законот дека тоа ќе го направат? Не, колеги. Тоа не можеше да се види.

Каква беше, господа, вашата активност до она што дојде и што се случи во Гостивар, да не дојде и да не се случи? Дали постоеја навреди, дали постоеја пцости, удари и заканувања врз службените лица? Кој тоа може да го издржи? Па, и тоа се луѓе со свои семејства, со свое достоинство. Зарем тие сакаат или сакале да бидат во Гостивар? Се губат нерви, се губи контрола. Можеби имало и грешки, претерувања. Тоа да го оставиме на Анкетната комисија.

Верувајте и ние сме загрижени доколку навистина се тепало се од ред, доколку се влегувало во домовите. Тоа е опасна работа ако зело таков замав.

Зошто сакате да го прикажете г-динот Чокревски како нечовек, како кој не ги сака и не ги почитува граѓаните од албанска националност? Зошто уште еднаш ги манипулирате луѓето како што беа манипулирани во толпата во Гостивар и да ја продолжувате нивната омраза што постојано ја градевте кон министерот и омразата што ја градевте кон сопствената земја?

Зошто не сакате воопшто да ги почитувате она што Република Македонија го прави и ќе го прави за своите граѓани да имаат и уживаат целосна рамноправност? Зошто постојано ја обвинуваат сопствената земја како недемократска земја?

Шетате низ светот и сеете клевети и лаги за својата сопствена држава. Земја која постигнува високо, надстандардно ниво на заштита и унапредување на тие права на припадниците на националностите? Тоа се нејзини граѓани господа, тоа е интерес и потреба на Република Македонија. Тоа е нејзина трајна определба, барем до сега тоа го докажува.

Постојано ги потсетувате граѓаните дека се загрозени. Од кого, господа? Зошто не ги оставите да работат мирно и заеднички своите комшии, пријатели и другари? Постојано ги прикажувате тие граѓани во голем број иако добро знаете дека екстремите се зло и за албанците - граѓани на оваа земја кои се совесни, ја сакаат државата, кои се во многу голем број.

IV/5

Еве и тука имаме колеги кои претставуваат такви граѓани. Ги претставуваат тие граѓани кои својата судбина ја гледаат во оваа земја, мирна, стабилна и со посветла перспектива.

Сакате нешто што не е можно и што во целост ја става во неизвесност иднината и опстанокот на државата, на статусот на независна, самостојна и меѓународно призната Република Македонија. Дали треба министерот кој би дозволил нереди, вознемирувања, инциденти, повреди, штети и крвопролевања? Зошто сакате министер кој би поддржувал делби на луѓето, кој би сакал да има ѕидови меѓу луѓето, распарчувања и кавги?

Господо, оставете ги луѓето, не ги подбуцнувајте. Луѓето веруваат во оваа земја, во поубава иднина, веруваат во напорите што ги прави Република Македонија и во маките што ги трпи од нејзиниот независен статус. Меѓутоа, веруваат дека ќе биде подобро и дека ќе опстанеме како земја. Не ги подбуцнувајте сега кога треба да се надмине сето тоа.

И вие, и сите кои мислат како вас, сите кои мислат дека нестабилна Македонија е нивен интерес, грешат. Многу грешат зошто ќе се потопат и удават во злото што се вика несигурност, нетрпение и војна.

Господа, Република Македонија нема друга алтернатива. Да се почитуваме, да всадиме кај луѓето свест дека мора да се толерира заеднички да живеат. Тоа е единствено можно и без алтернатива за стабилна и просперитетна Македонија. Дај те се од себе. Оставете ја интерпелацијата. Убедете не и нас дека тоа навистина го сакате и правете го тоа.

Господиниот Чокревски го докажува тоа, многу, многу од порано, затоа што тоа го сака, затоа што ја сака сопствената држава.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Зеќир Кадриу.
(Господинот Шакири бара интервенција како предлагач) **
Еве г-динот Кадриу е како предлагач.

IV/6

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници,

Можеби и немаше потреба јас да се јавам на говорница бидејќи многу работи беа искажани од страна на пратеникот Хисни Шаќири. Но, мене ме зачуди говорот на последниот дискутант кој веројатно како да живее во некоја друга земја па не ги познава проблемите и така се изразува. Меѓутоа, тоа е нивна работа. Јас, ќе се трудам накратко, да не повторувам работи и да го кажам своето мислење во врска со тоа зошто ние како пратеничка група поднесовме интерпелација за работата на министерот за внатрешни работи г-дин Томислав Чокревски.

Дами и господа пратеници,

Дозволите да направам едно мое видување во реалната состојба што беше иницирана од страна на нашата пратеничка група како таква, што е многу загрижувачка, а чудесно и од тоа дека некои пратеници, без оглед што оваа тема многу, долго време се исцрпуваше а на крајот на краиштата уште некои од редовите на пратениците не ја имаат јасно состојбата и случаите што настанаа во Тетово и Гостивар.

Еден ценет пратеник од Либерално - демократската партија во врска со состојбата и настаните од 9 јули во својата дискусија индиректно вината ја префрли на Владата и, директно, по мое убедување рече некои реални зборови во врска со работата на министерот за внатрешни работи г-дин Томислав Чокревски. Колку што можам да се сетам, рече приближно вака дека по донесувањето на Законот за употреба на знамињата на националностите, цитирам, тој ги рече овие зборови "не им беше даден ни малку простор на раководителите на општините Тетово и Гостивар да го спроведат законот што веќе бил донесен во ова Собрание, со што отворено се гледа дека намерата не била божем загрозување на Уставот или интегритетот на државата, како што беше речено, туку агилноста за покажување на сила и насилство на државата, плашење на народот, * демонстрирање на сила, потценување на албанците со цврста рака и ред други грозни и античовечки претерувања."

IV/7

Веројатно сето ова не малку имало победник, без оглед што во критичните денови, можам слободно да кажам дека самобентиданите победници во некоја форма ја славеја нивната победа, што по мое длабоко убедување е дека само изгуби државата Макеоднија како држава и нивните репрезенти, односно Владата на РМ. Можам слободно да кажам дека изгубија и челниците на СДСМ, изгуби и формалната неколкугодишна коалиција, изгуби тезата за некоја, многу пати речена и од страна на претседателот односно на првиот човек на државата, како се нарекуваше "оаза на мирот". Се изгуби довербата меѓу граѓаните. Едноставно, случајот Гостивар длабоко го подцени угледот и чекорот кон мирот или, право речено изгуби довербата Македонија како држава и на внатрешен план и на надворешната цена. По сето тоа, скоро шест дена тука во Собранието се водеше битка со зборови помеѓу два блока пратеници. Од една страна беа пратеници апбанци, а од друга страна, како што видовме, пратеници на сите партии на макеоднскиот блок, што значи длабоко се навредени односите по национална основа.

Веќе им е јасно на сите граѓани на Република Макеонија, и на меѓународниот фактор како набљудувач му е јасно дека состојбите се сложени, па дури и ризични за регионот, оваа реалност, па никако да го признаат владиниот став и лидерите на СДСМ, без оглед дека веќе довербата ја изгубија и на нивното членство.

Меѓутоа, во натамошната работа скоро малку имаме време да се оправиме бидејќи изборите се блиску што веројатно ќе ги доживеат како порез.

Во суштина целта на нашата пратеничка група беше со поднесувањето на интерпелацијата да се ослободи и министерот Чокревски од персоналната и морална вина како прв човек на тоа Министерство, убедени дека во конкретниот случај не сноси лично само тој вина, но и натаму нашето длабоко убедување е дека главниот виновник се знае кој е дека и самиот е свесен за сето тоа штос е случи со s:ас и меѓу нас.

Но, мене ме зачуди уште една друга работа односно проблематика, ** многу важна, дури и атрактивна, а тоа е однесувањето на г-динот Томислав Чокревски и неговите пораки, дури и неговиот заканувачки тон што беше

изнесен токму во оваа сала на Собранието. За тоа сите сме сведоци и сме го слушнале тука во овој дом.

**ЗЕКИР КАДРИУ**:(продолжение)

Неговите сознанија за некои измислени идеи, некои како што рече илегални организации, божем, како што рече тој се под влијание на Албанија и Косово и божем го загрозуваат интегритетот на државата, што значи човекот знаел неколку такви организации и за жал тука не ги објавил. Значи, заќутил, веројатно дека очекува во некои други планирани акции да и возврати, за да има, божем други аргументи. Јас се прашувам може ли да се толерира ваквиот луксуз на овој човек, кој дури затајува некои работи што не смее, за некои божем илегални, како што самиот рече, податоци кои ги поседува во нивното министерство.

Г-дине професоре ако е така воопшто не ви доликува тоа и понатаму да ги криете, туку треба да ги откриете, но, ако вас ви е целта за да се одбраните и да се штити, во конкретниот случај верувам дека имате други форми, имате други методи за да се браните, со што би имале и причина, а не на ваков начин, затоа што моето убедување е дека веќе умреа тие инсинуации на бившиот систем кога луѓето ги исплашивме од една дирекција на некои си комитет и немој да мислите дека некои работи што до вчера беа актуелни сме ги заборавиле од причина, колку што ние знаеме, оваа држава која се нарекува Македонија е определена за Европа и со демократска ориентација.

За решавање, исто така, на проблемите со демократски форми и методи, а не со сила и репресија кое што вие го практикувавте или цврсто стоите на тоа во практика. Јас колку Што знам Македонија е определена за соживот, за спокојство за толеранција и мир. Впрочем и декларацијата што беше донесена токму во овој парламент беше во тој дух и во тој правец донесена. Во корист на тоа, мислам дека и вие тоа го знаете беше донесен и еден друг важен документ, кој исто така се однесуваше во тој правец. Значи сите сме биле присутни кога се донесе

рамковната конвенција за човекови права и односи. Зарем, тоа воопшто мислите дека над сите тие важни документи не сте прегазиле, зарем сте убедени дека не сте го прекршиле во овој правец и ликот на ова собрание односно на овој парламент. Зарем уште не сте свесни дека веќе Македонија се определила за ориентација, за ориентирана земја за соработка, за сожителство, за спокојство, за мир и за ред други работи што се однесуваат за регионот. Јас сум у беден дека вие ги знаете но од тој аспект никако да признаете дека е така.

Вие се повикавте на една реченица, колку што можам да се сетам, во вашето тогашно излагање вака: цитирам " дајте г-да градиме мостови, дајте да направиме комуникација, раздор. Два различити света сме. Никој не стана од Албанците да ја критикува ситуацијата во Гостивар дека тоа е предизвикана", завршен цитат.

Не г-дине професоре, немојте во има на власт, на призма на тоа да зборувате. Провокацијата беше предизвикана од ваша страна. Вие ги однесовте наоружаните полицајци во Гостивар и Тетово, вие ги загрозивте објектите на општините во Гостивар и во Тетово, вие ги блокиравте улиците, вие со вашата полиција влеговте по куќите и домовите на граѓаните во Гостивар и во Тетово, вашите службени полицајци им го земале имотот на граѓаните, зарем тоа уште не сте го забележале како провокација, зарем тоа уште не ви го исполнува паметот дека е веќе претерано и дека ни малку простор не остана на градоначалниците да можат да го спроведат законот што беше донесен токму во ова Собрание.

Не г-дине професоре, вие сносите морална одговорност токму заради тоа немојте да инсистирате дека не сносите вина, дека водите една добра политика. Немојте г-дине професоре да ги увредите пратениците оти сите сме биле сведоци дека ти и директно ни се закани тука пред овој дом...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Немојте ве молам, имајте коректен однос.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Не можам да полемизирам, ми рече конкретно, со некој што лаже. Директно го цитирам. Вака ли беше г-да пратеници или не? Ако лажам и ако ние лажеме за тоа што приложивме факти, затоа што приложивме аргументи тоа е друга работа. Ако вие не сакате да се соочувате со

V/3.-

таквите проблеми што навистина ги мачат граѓаните, што навистина и пратеникот не знае дека таква е вистината тогаш е друга работа.

Немојте да мислите дека секогаш од призма на сила и насилство ќе делувате уште понатаму. Мислам дека за вас подобро е да се повлечете од тие закани, у вреди пцовки, кражби, за да го чувате својот идентитет и немојте тие работи са ги браните оти не е добро ниту за угледот на државата, па ниту за вас како личност. Сепак вие сте професор на Универзитетот треба да ја чувате вашата морапна, етничка и вашиот углед.

Потполно те разбирам дека не ви е лесно, дека партијата, чиј припадник сте и вие не сака директно да ти каже дека сето тоа е политика; дека тоа што се случува има и свој крај; дека во вакви услови има и некоја жртва; дека и тебе лично, ако смеам да кажам, не ти дозволува тој бапкански инает...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Кадриу, Ве молам немојте на министерот да му се обраќате со ти. За тоа ве опоменав два пати.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Г-дине претседателе, ќе ме оставите да се изјаснам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас се извинувам што ве прекинувам, меѓутоа имајте коректен однос ако сакате да го почитуваат Вашето достоинство, почитувајте го и на другите.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Јас го почитувам него бевме увредени ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немате право на ти да се обраќате на никого, па ниту на министерот.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Јас конкретно го разбирам дека токму интерпелацијата од една страна е поднесена од нашата пратеничка група за која вие имате алергија тоа се знае и во конкретниот случај не сакате да слушнете дека заради тоа што го кажува реалноста морате еден ден да имате разбирање и за случајот и за натамошниот тек на процесите и патишта, кои како алтернатива мора да ги избира и Македонија, па и тие што се, или што ќе бидат во иднина на власт.

V/4.-

Што се однесува за нас Албанците една работа е веќе јасна - еднаш и за секогаш умреа послушните Албанци, тоа треба да се знае, што порано служеа како слуги на одредена политика. Исто така, умреа и тие (чесни) албанци што знаеле само да носат ќумур и дрвја во подрумите заради нивната егзистенција. Веќе ги нема, или ретко може да се најде некаде претставник на албанците кој ќе работи или ќе биде по диктат на одредени политички кругови, или па под влијание на одредени репрезенти на власта. Веќе една работа е јасна и едноставна. Денешната пресуда на г-дин Руфи Османи е уште еден доказ дека се казнува човекот за изречениот збор во митинг и тоа со огромни години, 14 години. И тоа ќе биде сигурно еден лик на оваа држава и дека веќе една работа е јасна, мислам дека и едноставна. Како Албанци легално без некои предрасуди сме се определиле за оваа Македонија. Тоа го цениме како наша држава без оглед дека во неколку наврати некои од пратениците сакаат да го оспоруваат ова или му даваат друга димензија и кој што сонува да профитира на политички поени под некој епитет голем апбанец, или пак голем македонец нека знае добро ние албанците во Република Македонија, колку што јас знам сме биле децидни и јасни во нашите барања и верувам од тие нема да отстапиме. Нашите барања, веќе, во неколку наврати беа спомнати и тоа:

- употреба на јазикот во тој дел на државата каде што има апбанци и каде што има мнозинство

- дека употребата на националните симболи и чувства, исто така е една од нив

- развивање на културниот идентитет и чувства исто така треба да биде легализирано.

Од друга страна школувањето до највисокото ниво, причина што времето и современиот свет и живот го бараат и понатаму ќе го бараме и од тоа нема да отстапиме без оглед дека за вакви реални барања, па некој ги карактеризира како екстремни барања, како барања со политичка конотација дека сите тие, божем, го уриваат Уставот односно интегритетот на државата и е некој вид на сепарација. Сите тие се ништо друго само блехови политички кој што сака некој да ги наметне.

V/5.-

Верувам дека за едно кратко време ќе се надминуваат таквите размислувања и реалните политичари ќе се уверат дека екстремизам не е да се бара право да се школуваш на мајчин јазик со подеднакво услови и со другите граѓани признавајќи ја во целост програмата што е во оквир на државата. Екстремизам не е да го бараш правото на употреба на националното знаме. Исто така, не е екстремизам да го развиеш националниот и културниот идентитет и реално да зборуваш на свој мајчин јазик без да го негуваш јазикот и на другите.

Во вакви околности и вакви ситуации неминовно е да ја разбереме суштината на нашите барања и тоа што поскоро верувам дека подобро за да воспоставиме конструктивен дијалог и да не го охрабриме методот на насилството и на кревање на пушка оти тој пат е најлошиот пат и најризичниот за сите нас.

Оставката, во конкретниот случај се образложува затоа што се: - веруваме дека се рушени во целост темелните вредности на граѓаните и концептот на ориентација на државата како држава која инсистира да си го најде местото во Европската заедница и нејзините институции.

Оставката се образложува и поради тоа што грубо се нарушени принципите на меѓунационалните и меѓуетничките односи.

Оставката се образложува и поради тоа што грубо е нарушен интегритетот на г граѓанинот кој со векови бил неуценет во своите домови и во своите огништа. Гостивар е пример со игенерис, кој остави за жал црна дамка во историјата на соживотот на граѓаните на ова поднебје.

Оставката се образложува и поради тоа што вашето однесување е спротивно со Конвенцијата што беше доносена токму во ова Собрание и дека сите одредени прашања ќе се решат во духот на толеранцијата, спокојството или со животот. Тоа и ден денеска не се чувствува, туку се прегазени сите тие конвенции и норми. Токму поради тоа треба а се утврди дека тие декларации не се донесени тука само формално, но треба да го сочуваат ликот на Собранието, сите овие причини и овие што ги нареков г-дине министре кои ние ги бараме се докази дека вие не сте постапиле со одредбите и законите, туку сте ги скршиле дури и надминале и хуманите и етничките чувства кон човекот и правото.

V/6.-

Токму заради ова треба веднаш да ја напуштите функцијата и тоа што порано подобро за да може овој народ полесно да дише. Во спротивно јас верувам дека јазот на влошување на меѓуетничките односи ќе се продпабочи и ќе биде уште полошо за крајот и за иднината на оваа држава.

Барам од сите пратеници присутни да ја поддржат оваа интерпелација и да се ослободи г-дн Томислав Чокревски од оваа важна функција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Пецо Стојановски

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници

Иако сега расправаме за првата точка од дневниот ред т.е. за интерпелацијата за работата на членот на Владата на Република Македонија, министер за внатрешни работи г-динот Томислав Чокревски ние денеска сакале или не продолжуваме со расправата за актуелните состојби во општините Гостивар и Тетово. Бидејќи на оваа тема многу беше дискутирано повеќе од убеден сум дека во однос на интерпелацијата за работата на министерот Чокревски сосема доволно е да се потсетиме на заклучоците од расправата што ја водевме по Информацијата на Министерството за внатрешни работи за актуелните состојби во општините Тетово и Гостивар на 74-та седница на Собранието на Република Македонија.

Јас лично не сум у беден дека Министерството за внатрешни работи во овој случај направило нешто надвор од своите надлежности. Напротив работело согласно Уставот и законот односно извршувајќи ја одлуката на Уставниот суд на Република Македонија.

Ова министерство ја извршувало својата задача а тоа е почитување и спроведување на позитивните законски прописи на територијата на целата држава на Република Македонија. Доколку дозволиме секој слободно од својот агол и еднострано да ги толкува Уставот, законите и другите прописи со кои се регулира неопходните услови за постоење на е дна држава тогаш многу брзо ќе се доведеме во ситуација да не правиме разлика помеѓу зборот демократија и анархија.

V/7.-

Имајќи ги предвид сите претходно изнесени факти јас навистина не гледам основ да се прифати интерпелацијата за работата на министерот Чокревски и јас ќе гласам против интерпелацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Рами Туда

**РАМИТУДА:**

Г-дине претседателе, министре, почитувани пратеници

Трагичните настани во Гостивар ќе останат црни страници не само во историјата на тој град туку и црни гранки во историјата на македонскиот народ, бидејќи со убиените, ранетите, повредените, малтретираните во Гостивар доведена е во прашање и демократијата. Една максима со вазна етничка содржина вели "тој што го прави злото е понесреќен од тој што го трпи и доживува", меѓутоа, оваа премиса како да нема смисла за нашиот министер и за другите кои се мешани, а зборуваат со воодушевување за трагичните настани во Гостивар.

По трагичните настани во Гостивар на површината на тоа што се вика соживот се излезени многу нешта, а пред се акумулираната омраза на власта спрема апбанците и турците. Молам, бога таа омраза да не ја наследат генерациите, во спротивно родителите што оставаат такво лошо наследство не само што не ќе бидат почитувани, но ќе бидат и колнети.

Почитувани колеги во Гостивар се случи Бартоломејска ноќ, а за овој немил настан еден од актерите е и министерот за внатрешни работи. На оваа драма и претходеше филозофијата на омразата проткаена со расизам, шовинизам и со семантиката на јазикот. Во ова несреќно време кога на грбот на македонскиот народ и на другите граѓани на Македонија тежат економските, социјалните и другите проблеми се води борба да се сочува власта, а репресијата е избрана како на единствен метод за да им се стави точка на нерешените прашања на албанците, турците и други. Од време на време во Македонија паѓаат човечки жртви, а проблемите остануваат нерешени. Алтернативи постојат само недостасува мудроста, политичката волја, особено толеранцијата како услов за демократскиот развој на Република Македонија. Недостасува волјата за реален дијалог и за почитување

на човековите, националните, социјалните, економските , културните и на јазичките права на апбанците и турците. Недостасува волјата за да споровите се решаваат помирен пат, со ненасилни средства во согласност со Повелбата на Обединетите Нации и меѓународното право.

Во овие тешки времиња за жал и информативните средства, печатот и македонската телевизија допринесоа и допринесуваат за да се запалат најнегативните страсти за ширење на меѓунационалната омраза. Секое нешто појава има и причина, а кога зборуваме за соодносот меѓу причината и последицата треба да знаеме дека и причината е последица на една друга причина. Впрочем, соодносот меѓу причината и последицата се релативни. Кога дискутираме за тоа ние и вие, а не со ние тоа не е добар знак за толеранција и разбирање. Тоа значи дека меѓу нас нема спремност за решавање на проблемите. Тоа значи дека нашите сваќања се спротивни и како да постојат две вистини. Да си спремен за дијалог, толеранција, почитување на правата на сите тоа значи да поседуваш одредена врлина. Во вакви предуслови невозможното може да биде можна. Во спротивно и можното станува невозможно.

Почитувани колеги веројатно се сеќавате кога во ова законодавна сала дебатиравме за употребата на јазиците на педагошкиот факултет, се сеќавате кога дебатиравме за донесување на законот за употребата на знамињата на националностите...

**РАМИ ТУДА:** (Продолжение)

Парламентарната група на ДПА беше против донесување на такви закони. Тој не го регулира потполно и целосно решавањето на проблемот на високото образование и употребата на знамињата на националностите. Ваквите ставови можеби беа апсурдни, меѓутоа, причината беше во тоа што овој законодавен дом не сака проблемите да се решаваат потполно, целосно и секогаш е склон проблемите да останат нерешени или делумно решени за да дојде до тоа што беше во Гостивар.

Дами и господа, драмата во Гостивар не е случајна. Таа е подготвувана, режирана,а целите се јасни. За првиот чин на драмата г-дине министре постојат факти, аргументи, сведоци, снимки, касети и за тоа не треба коментар.

Вториот чин се одвиваше во различно време и на различни места, во разни затвори некои импровизирани, некои логори или во самите куќи на граѓаните, во самите дворови и др. Главни актери на сцена сте Вие господине министре, а формално отсатни се Претседателот на државата и .премиерот. Во егзекутива специјалните поводи на полицијата, а жртви се собраните граѓани Албанци и Турци со празни раце и случајните минувачи. Иако по Конвенцијата за заштита на човековите права Протокол број 4 член 2 секое лице кое законски се наоѓа на територија на една држава има право да се движи во неа иако по Рамковната конвенција за заштита на националностите е нагласено дека во плуралистичко и вистинско демократско општество мора не само да се почитува етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на секој припадник на националноста, , туку и д^" се создаваат услови за изразување, соочување и развој на тој идентитет. За жал, во Гостивар се случува спротивното, а за тоа, пред се, виновни сте Вие г-дине министре.

VI/2.-

Велиме дека Македонија е граѓанска држава, а се поставува прашањето како вие ги третирате граѓаните Албанци и Турци. Вие овие граѓани ги третирате лишени од својот јазик, од правото аз високо образование, лишени од својата култура, историја,национални особености, националниот идентитет и националниот интегритет. За Вас, г-дине министре и ден денеска кога веќе е донесен законот за употребата на знамињата на националностите знамињата на Албанците и Турците ги сметате како симболи на туѓи држави. За вас албанскиот и турскиот јазик и материјалната, духовната култура се туѓи. Вие гособине мини- стре придонесовте МВР да се стави над секој државен орган. Тоа е ризично не само за албанците и турците, туку и за Македонците и за сите граѓани на Република Македонија.

Вие треба добро да се сеќавате што стана во бивша Југославија во Ранковиќевото време кога МВР и безбедност се стави над сите органи на државата. Крвавите настани во Гостивар зборуваат за една акумулирана омраза и гнев. Тоа е епилог на еден поранешен пролом, а тоа се барањата на студентските демонстрации кои бараа смрт за шиптарите, кои бараа гасни комори. Тие пароли г-дине министре вие ги претворивте во стварност. Во Гостивар вие ги пречекоривте сите овластувања, сите законски, уставни и меѓународни норми. Спрема тоа не само што треба да поднесете неотповиклива оставка, туку треба да сносите и кривична одговорност за жртвите и ранетите и за другите малтретирани. Во Гостивар, вие заборавивте дека соживотот на човекот на вашиот граѓанин е неприкосновен. Заборавивте дека физичкиот и моралниот интегритет се неприкосновени. Заборавивте дека е забранет секој облик на мачење нечовечко или понижувачко однесување и казнување. По бруталнат интервенција во Гостивар незнам дали остана оправдување за морален и вредносен интегритет, свест и совест. Во Гостивар им се стави крај на приказните ко бајаги за соживот, за толеранција, еднаквост

и рамноправност. Во тој град заедничката кула од картон вие ја рушите само за неколку часа. Вие се повикувате на член 1, 8,20 и 51 од Уставот на Република Македонија што во конкретниот случај немаат ништо заедничко со конкретниот случај, напротив, вие ги прекршувате тие одредби на Уставот на Република Македонија. Вие и понатаму останувате со убедуваше дека не треба да сносите морална и правна одговорност затоа што гаснењето на животите на вашите граѓани го сметате како цивилизациски вредности. Сето тоа зборува дека вие цврсто ќе се придржувате на вашите ставови, ќе ја оправдувате репресијата, злосторството и масакрот во Гостивар. Тоа значи поставувате простор за да го репризирате Гостивар во други населени места каде во мнозинство живеат Албанци, Турци и др. во Македонија.

Господине министре и сега кога Македонија е независна и самстојна држава вие никако не можете да се дистанцирате од злото што им е нанесено на Албанците во времето на монизмот,вие Гостивар го претворивте во полигон каде направивте најнехумани и најнецивилизани експерименти. Вашето одобрување за интервенирање, ако постои тоа во Гостивар, доколку го имате е фиктивно и не потсетува на тајниот документ за фиктивниот штаб во Косово откриен од Лазар Мојсов и улогата на г-дин Милан Панчевски за диференцирање на највисоките кадри на Косово по кои е окупирано Косово и по кои следеа најбруталните интервенции против Албанците.

На крајот само неколку прашања за вас г-дине министре.

Прво прашање, вие се придржувате на тоа дека во Гостивар се бранеше суверeноста и интегритетот на Република Македонија. Дали албанското знаме ја повредува суверeноста на државата. Ако е така зошто се донесе законот за употребата на знамињата на националностите?

Второ прашање, од кого примивте наредба за интервенција дента кога веќе законот за употреба на знамињата стапи на сила, а не интервениравте порано кога беше дозволено односно не беше дозволено затоа што и ова е прашање дали постоеше некој закон или

некоја основа на која се повикува Уставниот суд на Република Македонија. Значи, дали постоеше или не постоеше закон за употреба односно неупотреба на знамињата на националностите?

Трето прашање, рековте пред ова Собрание дека тие насоки не се само во знамето дека во Македонија дејствуваат организации кои се формирани во Албанија и Косово и ве прашувам кои се тие организации?

Четврто прашање, дали уште се придржувате на ставот дека знамето на Албанците, на албанската народност е знаме на туѓа држава Ако е така дали се ризикува интегритетот и сувереноста на Република Македонија кога тоа знаме се вееше сега на Шест годишнината на независноста на Република Македонија?

На крајот од мојата дискусија ја завршувам со една мудра премиса "не може да се свири песната на слободата со инструментите на насилството".

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, оваа расправа ја сметам како продолжение на расправата по точката за настаните во Гостивар. Поради рационалност земам едно учество на оваа седница интерпелација за работата на министерот Чокревски.

Во претходните дискусии што се водеа неколку дена беа спомнувани воглавно обичните луѓе, нивните страдања, нивните проблеми, беа спомнати полицијата и нивните проблеми и можеме да констатираме дека ниту населението воглавно ниту полицијата воглавно беа виновни за овие настани.

Денеска е на тема интерпелацијата на министерот Чокревски јас не се согласувам со тоа дека министерот е виновен за оваа работа, меѓутоа, мислам дека челниците се виновни за оваа работа. Мислам дека народот ги избира своите челници и ги праќа овде во Парламентот. Беа испратени такви луѓе, јас ќе зборувам за двајца кои беа испратени овде и кои требаше да ги решаваат проблемите овде. Не за џабе во светот е измислен Парламентот каде со зборови се може да се реши. Тука не отиде никој во затвор што истакна знаме на оваа трибина, на оваа говорница, туку затоа што на теренот се случуваат такви луѓе. Тие луѓе што се избрани овде мора да ги советуваат луѓето да им кажат и да ги водат на прав пат. Правите водачи се тие кои можат да им кажат на луѓето< на мештаните правиот пат. Ако ги заведат мислам дека и челниците губат, а губи и народот. Видете еден Арбен Џафери иако го нема, меѓутоа, јас ќе го наречам дезертер од Парламентот. Не дошол ниеднаш да ги спротивстави своите идеи овде на Парламентот и да ги провери дали се точни, да види дали навистина држат тие негови идеи. Полесно е да се оди меѓу народот и да се агитира, полесно е народот да се запали и да излезе на улица и да го тепаат,меѓутоа, мислам дека е лош водач таквиот водач, мислам дека е негов голем пропуст што не дојде во Парламентот и оттука им каже со свои аргументи како треба да се однесуваат и да не бидат тепани и да не бидат малтретирани бидејќи треба да им укаже дека полицијата во секоја држава мора да биде појака од сите тие групи и не треба да се спротивставува на полицијата, туку само со дијалог можеме да ги решиме сите проблеми.

Понатаму, имавме еден извонреден пратеник кој беше тука тој блесна со своите идеи со својата јака економска страна мој колега јас му се дивев на неговите идеи. Мислам дека тој ништо не изгуби

во овој Парламент тој многу доби и тој стана добар човек, познат човек кај нас во Македонија и мислиме дека е перспективен. Меѓутоа, тој отиде во локалната самоуправа. Ако отиде, меѓутоа јас мислев дека ќе оди човекот и ќе им го каже правиот пат на луѓето како да развијат бизнис, како да има подобар живот, како да им ги реши нивните проблеми во локалната самоуправа. Тоа беше неговата права ориентација и тоа беше неговата јака страна. Тука можеше да им помогне на луѓето. Меѓутоа, то напротив почна да се бави со некои знамиња и некои средновековни работ Тоа во развиените цивилизации пред неколку века можеби се случувало. Ние сега сакаме да правиме некои големи албании некои големи бугарии, некои големи срби, па и некои големи македонии. Меѓутоа, светот денес сака да живее во глобално светско село. Тој сака информациите да ги добива во ист момент. Се менуваат во денот проаѓа капитал, луѓе, идеи од една страна на друга на светот. Значи, луѓето не сакаат такви големини и ние мораме во Македонија да расчистиме и од такви големини треба да бегаме, туку напротив да станеме како светската идеја на едно глобално светско село во кое сите среќно ќе живееме. Мислам дека тоа можеби е историски процес, можеби јас и го оправдувам тоа, можеби треба да го поминеме тој пат што некои го поминале во развиените цивилизации пред некој век, меѓутоа, сепак треба да бидеме свесни овие што сме избрани тука да им кажеме на луѓето и да кажеме дека тоа мора да биде многу пократко, не треба да чекаме децении и векови да минат. Треба за неколку години оти нас не чека да влеземе во Европа, а ќе видат дал сме за Европа а не да не чекаат да поминат 10-15 години за да не примат. Можеме никогаш да не влеземе таму, бидејќи таму се гледа колку сме зрели за таа работа и кога ќе проценат колку ни е„зрелоста тогаш ќе одиме, меѓутоа, ако се бавиме со тие работи што се бавиме ние немаме перспектива, а секој што е во овој Парламент јас гледам дека не можам да забележам, скоро со мали исклучоци, но сите рекоа дека ја сакаат Македонија, дека и сакаат добро

на оваа Македонија меѓутоа мораме да го докажеме со конкретни примери. Не само ние да кажеме, туку треба да им кажеме и на нашите сограѓани од каде произлегуваме да им го кажеме правиот пат тие да делуваат на тоа поле и на тој начин да испливаме и да се воздигнеме како држава.

Затоа сметам дека не може да биде виновен министерот кој ја спроведувал одлуката на Уставниот суд од 11 јуни 1997 година и по стапувал на начин на кој се почитувани сите меѓународни и правни регулативи до оваа област.

Ставот на Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија е дека интерпелацијата е целосно неприфатлива.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа претставници на Владата. Не сакав да дискутирам, бидејќи доста сме рекле и доста сме го критикувале МВР и нејзиниот прв човек, но, за жал, и во моментите кога тој очигледно ги пречекорувал или како што се изразувам јас ги егзодистанцирал своите ингеренции секогаш ќе најдеше начин и ноншалантно ќе ја прогласуваше жртвата за виновна.

Кога сме кај виновникот јас мислам дека виновник не е само министерот за внатрешни работи г-динот Чокревски, туку виновници има повеќе и тоа во разни позиции во хиерархијата на власта т.е. во Владата.

Во една демократска држава каде се убиваат невини граѓани цивили, се случи да ги има и униформисани претставници на власта, па и странски граѓани гинат на граница внатре на наша територија, а ги има и надвор вон границата, како што е случај со албански граѓани,

**САМИ ИБРАИМИ:** (Продолжение)

Значи дека во таа држава, во овој случај, Република Македонија има се освен демократија, и почитување на човечкиот живот и човечкото достоинство.

Господине министер Чокревски, како вие дозволивте, како висок интелектуалец и академик, да се одземат животи на невини луѓе, како дозволувате вашата вина и вината на вашата Влада да ја префлите на теренот на вашите жртви убиени, утепани, затворени, па дури казнети се над 13,5 години затвор, за обичен вербален деликт. Затоа и со закон веќе никој не треба и не мора да пашта.

Како се чувствувате денес кога неправедно или неоправдано затворивте докажан млад економист и политичар и довчерашен пратеник кој имаше светла перспектива во политичкото небо на РМ, да го осудат на 13,8 месеци затвор, само да се оправда вашата нехумана, срамна и трагична акција во Гостивар. Како се чувствувате кога знаете дека вистинските криминалци се шетаат слободно низ Македонија а за криминалец или за виновник прогласивте, пак велам, довчерашен пратеник, перспективен и одличен економист.

Со ова се чини сака да се прикрие криминалот и недемократските трендови, беззаконието и да додадам ит оа дека со ова антиалбанска политика го продлабочувате меѓуетничкиот јаз за да може да се дезинформира светот божем на Македонија и се заканува нестабилност само од Албанците кои се прогласени како дежурни виновници за неуспехот на нечија целокупна слаба политика.

Со дезинформации не можеме да го залажеме светот, со дезинформации, со лажење, само ќе се лажеме меѓу себе.

На крајот пак нагласувам дека за ова Министерство сме расправале на неколку наврати, но за жал сите критики и прашања

наидуваа на глуво уво. Овие нехумани и трагични настани на МВР не тераат да се прашуваме што се случува во оваа мала нестабилна земја на Балканот. Зар со вакви разнишани и продлабочени меѓу- етнички односи не влегуваме во политичката зона на самракот. Некои се поигрува со судбината на граѓаните на Македонија. Некои, се чини, го сватија патриотизмот да се не сака другиот, да не се почитува другиот. Патриотизам за мене е да се сака својот, но на висока висина или рамнина да се почитува другиот. Тоа е правиот патриотизам. Зошто не се трудиме македонскиот полицаец кој и да е на целата територија да се почитува, да се респектира како чувар на редот, како чувар на државниот поредок на Македонија, а не како убиец.

Уште еднаш ќе нагласам дека некој се поигрува со судбината нас сите граѓани на Македонија. Ако не се менуваат формите и методите на дејствувањето во глобалната политика, тогаш и одењето на г-дин Чокревски нема да има или нема да даде никаков резултат во подобрувањето на меѓуетничките односи. Значи и натаму за жал остануваме во политичка зона на самракот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, заради духот што се бара цело време на соживот и соработка, во една прилика 19 9 5 година при една посета на висока француска делегација,

јас бев во таа делегација односно учествував во тие разговори, од колегите Албанци се побара токму тоа да во истиот момент се нападна како и секојпат внатрешната политика на државата. Кога се бараше тој дух на соработка и толеранција, зошто се напаѓаше државата. Јас тогаш реков, ајде, да го поставиме тој мост на толеранција, дури предложив и да се сакаме. Да се сакаме предложив затоа што од моето село со 2.000 жители има 2 девојки мажени за Албанци во Тетово. Имаат фамилии и живеат --- _ многу добро. Зошто ние сега да се расправаме, зошто да се караме. Во тој момент размислував само толку, ништо повеќе. Сега, по овие настани што се случија во Гостивар, во Тетово, еве од настапите на колегите Албанци, мислам дека во тој момент сум немал право во име на тие две девојки да барам љубов од колегите Албанци. Затоа, еве ќе кажам неколку зборови по повод интерпелацијата.

За да биде на дневен ред оваа интерпелација требаше нешто да се случи, а случувањата имаа своја историја чии пат го трасираа челниците на ДПА. Сакам да кажам дека не се случи одеднаш и туку така, за да во расправата еве од колегите Албанци се потенцира само 9 јули и тоа 15,45 часот моментот кога мораше полицијата да се брани, а не да интервенира. Во тој момент полицијата се бранеше од сите информации што ги имавме, се бранеше од тие што ја напаѓаа полицијата. Полицијата во тој момент мораше да се брани. Но, штом ќе се скрши колата има многу патишта. А, се скрши затоа што многу луѓе сакаа да се скрши дури народно кажано го влечеа и појасот.

Појасот се влечеше уште од порано, а посебно од локалните избори 19 96 година односно во предизборната кампања и посебно по изборите кога се славеше победата во градовите Гостивар и Тетово.

Кога по улиците се вееше само албанското знаме, како да не постоеше во тој момент друго, државно знаме кое во тие прилики секогаш би се употребувало и дури се свиреше и албанската химна. И, во еден таков амбиент, еден од челниците, за него само во право, за мене не, а верувам и за другите не, рече дека Тетово и Гостивар се албански градови.

Е, сега, во тие моменти сите да бидеме сведоци дека полицијата не интервенираше. Полицијата не употреби сила во тие моменти, туку добивме информација бидејќи се побара таа информација дека во меѓувреме се поднесени 17 кривични пријави против такви сторители. Но, полицијата во такви моменти не употреби сила. Тоа секој ќе го потврди. Но, сега можам да констатирам дека истите односно носачите на знамињата беа охрабрени од пасивноста на полицијата односно кроткоста и почнаа да упатуваат отворени закани кон државата во која заеднички најдовме мир, па богами пристоен живот што не може да се каже за државите што не опкружуваат. Дека нема да почитуваат ни Устав, ни закон, затоа што на нивната страна е демократијата, но демократија од албански калибар.

Или пак изјавите дека ќе бидат задоволни само тогаш кога Албанија ќе ја видат од 3 дела што значи сецесија на РМ.

Се влечеше појасот, овде се спомна пред малку, кога овде на говорницата беше развеано знамето, а за зборовите што беа кажани во тој момент не сакам ни да зборувам, зошто мислат колегите Албанци дека на нас ни беше лесно кога се вративме во базата на електоратот што се повикуваат цело време. И на нас ни викаа гласачите зошто го дозволивте ова. Но, ние не сме полиција, или нема инструмент како тоа да го забраниме. Не е само критиката упатена кон колегите Албанци,

туку и против нас беше упатена. И, сега се прашувам зошто тогаш не се јави некоја позитивна енергија од албанскиот фактор да го осуди овој чин. И понатаму се редеа многу случки, а една од нив е изјавата дадена во дневниот печат од еден од челниците од ДПА во која крајно некоректно вели: Македонците и Албанците во минатото никогаш не се судриле, не затоа што животот ги научил да живеат заедно, туку што и едните и другите биле невооружени. Го потенцира невооружени копуци. Кои беа тие копуци. И, сега кога се вооружија копуците, добија на сила. Меѓутоа, силата бога не моли. Таа го направи тоа што се направи во Гостивар, затоа што силата дојде кај сите.

Има и многу други места и изјави што допринесоа да се случуваат овие настани во Гостивар и сега да бараме оставка од министерот Чокревски. Јас ќе потсетам на една изјава дадена од колегата Зекир Кадриу. Во учеството при расправата за случувањата во Гостивар. Кога беше потенцирано од неколку колеги Арбен Џафери, тој рече се зборува за него, го спореди со висок даб и затоа што е висок дабот го дува ветерот. Сега зборуваме за министерот Чокревски, затоа што е тој исто така висок, води едно министерство, едно од најосетливите во државата, но сигурно не е даб, не.

Има уште многу други нешта и затоа ќе ги прашам челниците на ДПА посебно према нив ова го упатувам дали сега се посреќни, посилни и дали можат да се прогласат за победници по изгубените животи. Јас лично од првиот ден на судењето на г-динот Руфи Османи можам да констатирам дека дадената изјава тој ден на судењето оти не може да учествува во расправата затоа што во моментот не е здрав. И, сега да констатирам дека во таквата состојба заради процесот на победникот,

дека тој не бил здрав, значи луѓето што тргнале по него, не осетиле дека човекот не е здрав.

Ме чуди што сите се повикуваат, еве колегите на законите, а не ги спроведуваат и не спроведуваат одлука на државен орган, Уставен суд. Никој, ни Парламентот, ни премиерот го натера министерот да интервенира во Гостивар. Го натера законот, го натера Уставниот суд да интервенира таму. Ако бараме интервенција, ако бараме интерпелација треба да бараме од Уставниот суд, а не од министерот. Министерот е поставен за да ги спроведува одлуките и законите во оваа држава.

Ако се почитуваше одлуката на Уставниот суд сигурно немаше да има потреба од интервенција. Полицијата го спроведуваше тоа за што е формирана. Да интервенира таму каде што се исцрпени сите демократски средства, а беше многу невкусно од колегите кога за време на расправата полицијата ја нарекуваа арамии и крадци. И, сега, многу прашања се упатија до министерот по тој повод. Јас ќе упатам едно прашање дали ги прибележија сите луѓе што беа спомнати од ваша страна, дека им биле одземани материјални средства. Дали Министерството провери дали овие луѓе што имале при себе толку девизи не биле корисници на социјална помош. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Наџи Пурде.

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, чесно е отворено да се зборува за вистината, и кога е таа многу горка, а не е

чесно да се маргинализира со оправдувања кои се без аргументи и прифатлива понуда со манипулации и со игра на зборови. Интерпелацијата поднесена не е да се направи еден политички маневар, или маркетинг, туку гостиварскиот феномен наречен 9 јули да се изнесе во својата права светлина и да се укаже прекршуваше на Уставот на РМ и непочитување на меѓународните конвенции за човекови права и слободи. Од страна на првиот човек нас македонската полиција г-динот министер Чокревски, од самиот зависи дали ќе ги прифати овие работи или не. Тоа е негова работа.

Ако се земе во предвид мал временски период од 18 март 1997 година денот на Декларацијата во парламентот на Македонија, за меѓунационалните односи, тука јас би цитирал нешто и би ве потсетил за унапредување на меѓуетничките односи во духот на толеранција, дијалог, заемно почитување и доверба усвоена на 18 март 1997 година од страна на Собранието на РМ и ставовите изнесени од страна на генералниот секретар на 00Н, Европската унија, ОБСЕ, Стејт Департманот на САД и тн. Собранието уште еднаш укажува на потребата сите отворени прашања од меѓуетнички карактер да се разрешат по пат на дијалог и разбирање. Се со цел на постигнување на ефективна граѓанска и национална рамноправноса

Тука значи се зборува многу убаво, се нагласува многу јасно, многу разбирливо дека сите неспоразуми, сите недоразбирања што се однесуваат за меѓунационалните односи треба да се решаваат на мироЉубив и на начин кој доликува на човек.

Меѓутоа, 9 јули сакале или н есакале биле против или за, 9 јули драстично на транспарентен начин ги демантира сите овие

работи, сите овие убави зборови што се зборуваат тука во Парламентот. На 9 јули се случи обратно. 9 јули ги протурка во провалија овие зборови. Инаку, зборовите се убави и да се делуваше на тој начин. Можеби некој ќе се оправда и ќе рече дека тука се распламтуваат страстите. Верувам дека некој бил од страна на албанските пратеници, бил од страна на македонските пратеници, не се за тоа да се распламтуваат страните, туку тоа зависи од каков агол човекот ќе го гледа проблемот од кој агол човекот ќе размислува за настанатиот проблем.

Тука не е спорно, пак повторувам, не е спорно дека полицијата нема право да ги врши своите должности. Не, секоја полиција не само македонска, туку и светската полиција, било која држава, полиција на било која држава има право да ги врши своите должности, да ги изврши. Но, се поставува прашањето на каков начин таа полиција пристапува кон извршувањето на тие должности. Должноста на полицијата е да го сочува редот и мирот, но сепак, се поставува истото прашање, на каков начин таа полиција и со кои методи таа полиција приоѓа кон извршувањето на своите должности, а не во стилот, би рекол, фрли го каменот, а внимавај да ја криеш раката. Тоа не може. Кога се фрла каменот се гледа и кој го фрла.

Тука има многу спорни работи, кои еднострано се толкуваат. Кога велам еднострано се толкуваат, тоа е многу важно зошто се толкуваат со секакви зборови да се даде една друга слика на реалноста.

VIII/1.- ДВ/0М

**НАЏИ ПУРДЕ:** (Продолжение)

Дури и се употребуваат големи зборови дека гостиварските збивања биле многу опасни врз суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија. Наравно никој тука па ни јас никогаш не сум се борел против територијалниот интегритет на Македонија, туку зависи од тоа како се гледа, како што реков пред малку односно како се толкува тој израз таа синтагма. Од друга страна не се овозможува , значи сакаме да биде транспарентна реалноста во Гостивар, а од друга страна не се овозможува автентично да се гледа трагичната вистина во Гостивар и да се види стварноста на 9 јули, така што по оваа логика жртвата да испадне виновен , а виновникот жртва.

Исто така можам да наведам зошто може човек да се прашува, а многу луѓе се имаат прашувано зошто во Тетово не се употреби толку големо насилство, а во Гостивар насилството беше со високи размери. Тука и за Гостивар и за Тетово не е употребуван ист аршин.

Со симнувањето на знамињата, да би се спровела одлуката на Уставниот суд на РМ и во првиот случај се обезглавува локалната власт со намера да се оневозможи излегувањето на компетентните пред насобраната маса. Јас сум сигурен во тоа, зошто тука бев присутен околу два часа и триесет минути од 12и 10 до 15,30 часот,тој ден бев во зградата на општината. На тој ден да беше овозможено на излегувањето на Руфи Османи и Даути , јас оттука повторувам дека до трагедијата немаше да дојде, немаше да дојде до вакви последици. Најблаго речено една финална желба , по мое мислење од страна на одговорните во македонската полиција, која желба се оствари со најбрутални , иако не сакам да ги употребувам тие зборови, но присилен сум затоа што бруталноста ја гледав со свој очи, а друго е кога човек ја гледа бруталноста со свој очи. на пример поминуваме низ кордонот, кога не

се овозможи излегувањето на Османи и на Даути, да би ја смириле ситуацијата,по- минуваме низ кордонот на полицијата, наравно таа полиција знаеше дека и ние сме граѓани на оваа држава, меѓутоа со такви пцовки бевме испратени и со такви грди зборови што овде не можам да ги повторувам, затоа што бруталноста на полицијата што ја покажа врз мирните граѓани ајде да речеме врз демонстрантите, претпоставка ако се спротивставиле на тој начин демонстрантите, да се употреби. Но, врз мирните граѓани кои седеа во своите домови, тоа е вистина, со анти уставно и присилно влегување во истите, не може да се оправда било да е тоа со најголем? те зборови, а тоа е одбрана на суверенитетот и територијалниот интегритет на РМ.

Не е ли спорно, а и антиуставно дејствување на македонската полиција со мачење и газење со тешки чизми, удирање со кудаци, удирање со пендреци и тоа со милост и немилост. Значи луѓето останаа тука предадени и сега предаден човек да се удира и натаму, тоа сем го гледале и во филмови, тоа не е никаква лага, туку тоа е чиста вистина. Значи да се удираат тие луѓе со пендреци и понатаму кои не даваат отпор , видете, постои, сите ние знаеме, Меѓународна конвенција за разно разни судрени војски. Војската се борела против друга војска, се предава војската и по Меѓународните конвенции е казниво тероризирање на предадената војска. Тука народот беше тој, поготово тој што недаваше отпор повторно да се малтретира тоа не е никакво уставно спроведување на делото.

Парламентот како највисок законодавен орган, уште на почетокот на расправата за гостиварскиот случај, направи еден голем пропуст што не го прифати предлогот на координаторот на ПДП , г-дине Исмет

Рамадани визуелно да се гледаат ужасните слики од 9 јули, а не само од 9 јули туку и понатаму имаше снимки за тоа. Значи и најтврдокорниот, кога би се гледале тие траги и нај тврдокорните скептици овде ќе беа уверени дека тука се работеше не само за обично пречекорување на своите компетенции од страна на македонската специјална полиција која полиција беше тешко наоружана против, би рекол, голорак маса. Тука ќе се увереше визуелно и аудитативно фактографски и документарно дека тие постапки се рамни на злосторство и тоа злосторство плански подготвено. Но, секогаш кога се работи за страдања и малтретирање, па дури и убивање на албанците и на турците не се бираат методи тие да се доведат на минимум туку по можност да се покриваат со копрена на заборав.

Да се рече дека една полициска акција е успешна кога се неоспорни фактите и се докажа дека не е уставно со членот 2 , по членот 10 членот 11, членот 12 и членот 26. Тоа значи да се негира во целост и Уставот на Република Македонија.

Да се рече дека своите компетенции ги вршел уставно г-динот министер во овој случај, тоа значи инструментализација на Уставот и негово каритирање, а треба да му е јасно на г-динот министер дека секој од нас знае по малку да го чита и да го толкува Уставот и неговите одредби.

Правната држава мора да се почитува. Тоа е точно. Нема дискусија за тоа. Законите мора да ги почитуваме, сите. И тоа е точно Одлуките на Уставниот суд исто така мора да се почитуваат. И тоа е точно. Но, кога сите овие работи се инструментализираат од поедини луѓе кои се најповикани да ги спроведуваат на дело, тогаш се поставува прашањето дали истите луѓе ги спровеле тие уставни одредби, закони и други акти, правилно или тендециозно, со драстично пречекорува

VIII/4.-

Понатаму издејствувањето на разни конструкции, конструкции со тоа што стотици луѓе се земени на информативни разговори, а таква синтагма информативни разговори не постои никаде. Се тепани, малтретирани, со закани никому да не кажуваат дека се малтретирани. Зарем сите овие работи не укажуваат на тоа дека е злоупотребен Уставот?

Да Ви кажам и ова дека во излагањето на г-динот министер ми се допадна зборот мостови, кога рече да се градат мостови. Да секој од нас е за тоа да се градат мостови на взаемно почитување, да не се гледаме криво, да не го гледам другиот како мој непријател туку како пријател и т.н. Меѓутоа мостовите се градат обострано, со дијалог, со взаемно разбирање од двете страни, искрени, без задни намери и посебни калкулации. Да, да се градат мостови зошто мостовите се единствени градби што ги зближуваат, ги спојуваат луѓето. Градителите на мостови се најчесни луѓе, а рушителите на мостови се нај омразени луѓе. Но прави веродостојни мостови се градат од цврста човечка љубов и цврст човечки карактер. Да, мостови, но мостови не со калашникови, не со кундаци, војнички чизми и пендреци. Мостови да, но не мостови на празни хартии, исфабрицирани мостови на, ала Лазар Мојсов. Мостови да, но не мостови на тотална варгинализација на вистината, туку со неаја, со вистината. Не мостови едносмерни туку двосмерно, рамноправни и искрено комуникативни, не маскирани, не мостови на превара и лага, мостови на убавина, мостови на поврзувања, мостови кои ќе ги спојуваат луѓето, а не што ќе ги одвојуваат.

Овој голем презир и отров јас не би сакал да го глорифицирам туку би сакал уште нешто да додадам, дека овој голем презир што го покажа македонската полиција спрема албанците, има некоја грешка и во нејзиното воспитување, јас мислам. Еден млад човек, јас

повторувам бидејќи ги видов тие млади луѓе со свои очи, не може апсолутно да има толкава доза на презир кон другиот човек. не може да биде исшприцан со толку голема доза на омраза. Веројатно воспитвачите на овие млади луѓе се исто толку виновни, се исто толку не коректни спрема нив. Зошто? Младата душа може да се воспитува ако таа млада душа се воспитува правилно, а не со презир, не со мржња кон другата , било раса, било народ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

денес не излегов на говорница само да и се придружам на мојата пратеничка група како последен говорник туку да Ви кажам една друга работа дека дискусијата по оваа точка некако оди кон една погре1 на насока.

Во прв, ред после експозето што го одржа нашиот прв потписник кој ја претставуваше интерпелацијата, сето беше определено кон една личност, кон еден функционер кој според самото значеше на зборот интерпелација, треба значи да даде објаснување . А да ни биде јасно на нас и на другите кои не праќаат дека самиот збор интерпелација, тоа е италијански збор, интерпеланца што значи , посебно бараше кое се поднесува до Владата или еден нејзин министер, од страна на пратениците на Парламентот за да даде објаснување за едно прашање односно за еден проблем. Значи пратениците од мојата група или некои други од другите пратенички групи дискутираат затоа што беше веќе речено неколку пати , а најмалку јас излегнав двапати на говорница.

VIII/6.-

Значи тука на самата обвинителна клупа, како што беше до вчера бившиот пратеник и досегашниот градоначалник Руфи Османи во Гостивар, точно на парламентарна група се наоѓа Вашиот министер за внатрешни работи. Значи ние преку писмена интерпелација што ја имаме поднесено добивме еден краток, а повторно или по трет пат несериозен одговор кој не значи ништо. Меѓутоа сепак Вашиот министер требаше да даде објаснување и околу неговото образложение можеме да се приклучиме и ние. Значи ние дебатираме сега скоро се и сешто, сешто се деси во Гостивар тоа беше речено и усмено и писмно во овој Парламент.

Не сакам да повторувам и тогаш и денес. Меѓутоа, можам да Ви кажам за некои пропусти, а главно е тоа денес, дали преку оваа интерпелација Вашиот министер сноси или не сноси одговорност.

**САЛИ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Дали вашиот министер сноси или не сноси одговорност. Дали е виновен. Ние поставивме прашање порано, тогаш прашавме со законски, уставни одредби. Видете господа вашиот министер и пратениците од неколку пратенички групи го избегнуваат одговорот дали во случајот на Гостивар е прекршен или не е прекршен Уставот. Дали имаше законска основа . Јас морам тоа да го потенцирам и да барам одговор повторно потенцирам на оваа говорница конкретно од вашиот министер за полицијата. Значи имаше или немаше? Ако се интерпретира, ако се спроведува Уставот и Законот, Сали Рамадани нема да излезе па да каже погреши министерот, погреши полицијата. Уставот прекршен, Законот прекршен, основа имаше и полицијата нормално си ја обавува својата должност. Меѓутоа затоа што ми одговара како албанец да ги бранам албанците, јас ги бранам и граѓаните и Уставот и цела држава, затоа што уставна основа за преземање на такви акции во Гостивар немаше, а тоа јас сум го кажал тука дури и со цитати некои беа усмено речени, некои беа приложени во самиот записник кои беа прибележани во стенографските белешки. Дали имаше законска осно Тука е целта. Дајте околу Уставот, околу Законот и одговорноста на министерот и на Владата да се држиме. Нема тука две вистини. Една е точна. За тоа пишува. Уставот е таков каков што е. меѓутоа, секој граѓанин на оваа држава сака тоа или не мора да го изврши и да работи по законот. Штом доаѓа пред судот со закон мора да одговара. Законот всушност никој не брани. Нема тука привилегија, туку ги брани правата и должностите на граѓаните и тоа на еднаков начин. Сега што? Еве конкретно да кажам се што имам припремено тука да кажам ми треба 18 или повеќе од 20 часа. По Уставот по кој работиме ние сега и врз основа

на кој се донесуваа толку закони до сега и пред овој Парламент за време на овие три години значи по членот 48 став 1 употребата на знамињата на националностите, а тоа значи и националното знаме на албанците, тоа е веќе дозволено. Второ, ние донесовме закон на 8 јуни тука. Значи кога се донесе тој закон, не е тоа можеби некоја игра зошто се бараше преку амандманот на г-динот Силјановски да речеме веднаш да стапи во сила. Тоа е негово право и право на Парламентот да го гласи за тоа. Меѓутоа, ако ние се држиме на Уставот, врз основа на Уставот да се донесе законот, значи знамето е дозволено да се истакнува, да се употребува. Прво, мене ми е жал што морам да повторам нешто што веќе го кажав тука, но морам да повторам беше законот за употреба на знамињата, значи еден закон тогашен; од 1973 година. Прво беше предвидено дека знамињата на народностите тогаш, сега националности се употребува заедно со знамето на таа бивша Југославија и СРМ. Меѓутоа, во меѓувреме се донесени амандмани на Уставот од 1984 година, значи година дена после донесувањето на тој закон и точно е тоа дека употребата на знамињата на народностите тогаш било укинато и веќе тој не постои и тоа е точно. Меѓутоа, со новиот Устав, значи веќе не е во сила Уставот од 197 4 година, не се во сила ни амандманите не може да кажат дека тие амандмани сега веќе не се употребуваат, затоа што тие веќе и не важат, а правен хаос што го кажа и вашиот премиер преку средствата за јавно информирање беше по тоа што тој закон да е во сила од 1973 година не е. Ако е во сила тој закон, не може да бидат амандманите. Ако не е во сила значи сега е новиот устав иако немало закон до тогаш. Меѓутоа, како да е , одлуката на Уставниот суд нема никаква уставна ни законска подлога. Мене ме интересира да ја имаме, конкретна одлуката и ние во Парламентот врз основа на тој член . Значи погрешно е ако стои 1983 година. А една друга работа и да беше така, да не бе1 Уставот од 1991 година, односно да важеше тој Устав од 1973

година па во времето кога се симнаа знамињата во Гостивар и Тетово и подоцна во другите општини, ве молам имавме нов закон луѓе, овој закон сега беше во сила, а со тој закон беше дозволено употребата и на знамиња на националностите.

Второ, во тој закон пишува многу добро кога е забрането Нормално ние имавме амандмани и стоиме на тоа. Но сепак законот беше прифатен. Беше тука изгласан, беше донесен. А тоа не се дозволува и се казнува со парична казна само тогаш кога ќе се истакне таму каде што е наведено пред Собранието, пред Владата, прет претседателот на Републиката и други институции и држави. Тоа е јасно. А тука беше предвидено дека се употребува за време на државни празници, значи пред општинските совети. Точно овие знамиња тогаш беа истакнати никаде на друго место каде не беше дозволено со самиот Закон, туку пред општините во Тетово, Гостивар и на други места. Тука не можеме да се лажеме од овие факти не може да излезе никој. Сега дали е виновен вашиот министер за внатрешни работи или некој други што пок рај него стојат, тоа е една голема работа. Значи тоа што се случуваше во Гостивар, тоа убиство , тој терор, тоа е противуставно, затоа некој мора да одговара. Поднесени се веројатно кривични пријави против Н.Н. лица. Меѓутоа, на чело на тие Н.Н. лица стои вашиот министер за внатрешни работи. Првиот виновник јавен тој е. Дали има и некои други тој ќе каже. И на крајот, не само што требаше да даде оставка и не само што Собранието тука најверојатно да му изгласа недоверба меѓутоа, некој треба да одговара. Кој се овие? Ниеден министер, ниеден пратеник, ниеден член на партијата. Виновни се сиромашните луѓе. Немојте тука да мислите кој е за оваа држава кој не е. Јасно ние што сме тука сме за оваа држава. Кој што не е тука не го интересира тоа. Меѓутоа, кога сме кај оваа одговорност треба да се каже и не само Советот на општина Гостивар, не само градоначалникот, туку треба да знаеме дека токму тие луѓе, токму тој градоначалник кога беше симнато два пати знамето тој го

смируваше народот, и денеска да му беше овозможено мислам на критичниот ден на 9.07.тој ќе го направеше на ист начин и ве молам бившиот ректор на Универзитетот "Кирил и Методи", бившиот челник на Комитетот за очувување и правата на граѓаните, денеска се наоѓа за жал на обвинителната клупа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не е суд овде г-дине Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Сега што. Него не само македонската опозиција вонпарламентарна, а мислам и парламентарна не го сака, туку него не го сака ниеден албанец во Македонија. Тој е на чело на таа комисија. Во името на Владата работи. Јас на негово место да сум неможам да го гледам тој народ во очи. Затоа одговорноста стои колку е негова, колку е на други лица јас тоа незнам. Уште нешто овие денови беше судењето во Гостивар. Јас за да бидам информиран потполно следев од а до ш. Значи сега ми е јасно се што се случуваше во Гостивар. И ако сакате наместо да ви одговори вашиот министер можам да ви од- говорам јас. Циркус. Во Гостивар ве молам за време на судењето на Руфи Османи пропадна на некој начин Македонија за жал. Пропаднаа законите , пропадна Уставот. Тука судскиот совет се смени три пати. По трет пат почнуваше постапката затоа што се измени Советот на судот Па адвокатите тројца-четворица дадоа оставка. Тоа е долга приказна можеби тие биле во друга прилика. Но ви велам дека порано немав морално право да го брана Руфи Османи 100% , туку го бранев Уставот законот и правдата. Затоа што од каде знам во тие негови кризни штабови можеби има нешто. Не сум негов адвокат да го бранам, навистина бев резервиран. Можеби има. Ако има ќе одговара нормално. Зависи во која насока, колкави се акциите, во каква насока, какви се

последиците, какви се причините. Меѓутоа, целиот судски претрес беше инсцениран, фалсификуван. Во случајот на Руфи Османи е смешна работа. Таков човек, такво лице и треба на Македонија. Тој беше со авторитет. Јас сметав подеднакво колку кај албанците толку кај македонците. Јас работам со луѓе контактирам со луѓе. Сепак тој срам ако може некако да се исправи. Мислам дека е во ред, жал ми е човек е во години, можеби така се нашол случајно на таа функција, тешка е, деликатна е, а мислам дека треба да побара излез од себе прво , а и од неговите другари, од Владата, од неговата партија и моите колеги пратеници и од мене, јас сум тука некако да му помогнам ако не е првиот кривец, ако е нека му е за аир одговорноста, вината и во иднина ќе видиме.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Господине претседателе би ве молел сите следни говорници да се држат на темата на расправа. Јас да ви кажам на крајот не знаев ни зошто воопшто се дискутира: дали за судењето на г-динот Османи или за интерпелација на министерот.

Уште една работа би ве молел на оваа говорница да не се дозволуваат одредени зборови како државата така наречена Македонија. Еден од говорниците го кажа тоа. Ова е Република Македонија и по Устав сите го знаеме тоа и мислам дека не би требало да се прават такви работи. 0 о

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, знам дека и вашето трпение е при крај меѓутоа, немав намера да дискутирам , еве се јавив само да кажам неколку збора по искажаните зборови од неколку мои колеги пратеници, кои на неколку пати го потенцираа немањето на чувство на разбирање на толеранција од поедини функционери и

институции на нашава држава на Република Македонија. Јас исто така сакам да кажам неколку збора за чувствата. Пред се за чувство за одговорност и не сакам да зборува за чувство на одговорност кои не се тука, кои се во Влада, кои се во министерства и тн. Сакам да кажам пред се за чувства на одговорност за искажаниот збор од оваа говорница, збор кој многу лесно влегува низ уши и останува во глави на многу наши бирачи, граѓани кои не следат и за кои искажаниот збор од оваа говорница има таква тежина утре да појде по пат на беспаќе, појде по пат кој не води никаде. Кога го кажувам ова за чувство на одговорноста на искажаниот збор од оваа говорница, сакам да кажам дека ние или некој од овој Парламент тоа чувство го има изгубено, бидејќи морам да ве потсетам при донесување на Законот за знамето на РМ, многу пратеници искажаа такви зборови од оваа говорница кој морам да кажам дека не зборуваат за знаме на РМ , туку повикуваа и непочитување на тоа знаме, на непочитување на обележје на оваа држава. Сакам да кажам дека тие искажани зборови од некои останаа трајно врежани и состојбите натаму беа јасни, бидејќи непочитувањето на Уставот, непочитување на некои закони од парламентарец на оваа говорница, не треба многу обичниот граѓанин да оди таму каде што не треба. Мора да кажеме дека одговорноста на постапките што ги правиме во овој Парламент мора да чувствуваме одговорност, бидејќи при донесувањето на законот за употреба на знамиња на националностите бевме сведоци на истакнување на некакви знамиња на оваа говорница, бевме сведоци на излегување со некакви подигање на некои прстови и се прашувавме што правиме, кого почитуваме, имаме ли чувство на оваа држава која ја нарекуваме наша татковина. Не можам а да не кажам дека чувството на одговорност мораше да произлезе од оваа говорница некои колеги мои не само од македонска националност, од српска и од албанска да станат и јавно да се оградат од митинзите кои ги гледавме, митинзи кои беа

промоција на нешто одамнина, изминато, лошо изминато, кажано како фашизам . Не стана никој да се одговори од четите на црнокошулашите низ Тетово, а ќе бев среќен навистина некој да го чувствуваше тоа чувство и да го искажеше од ова говорница, или кажеше некој збор да се огради од тие настани А и едно морам да кажам дека сите што станавме овде и во претходните расправии кажавме чувство на жалење за загинатите во настаните што уследија после вакви манифестации и искажувања , сите едногласни бевме во чувството на жалење, меѓутоа не бевме едногласни во откривање на правите и вистинските причинители на дејствијата што се случија во Гостивар. Изостана мора да кажам, и онаа битна работа за која сме избрани од граѓаните чувство на последици на политичка наша одговорност, бидејќи сме избрани како претставници на овој народ сметам дека тука некој си ги изгуби чувството на љубов го изгуби и чувството на реалност и го изгуби она најосновно чувство на љубов кон својата татковина. А наша татковина на сите ние овде што седиме морам да кажам дека е Македонија. Друга татковина немаме Прашувам и самиот се прашувам, кога се искажаа дека треба да имаме чувство за толеранција и разбирање и дека донесовме конвенција за меѓусебна толеранција дали таа толеранција и разбирање не треба подеднакво да важи за сите кои се наоѓаат на територија на оваа држава. Се прашувам зарем лесно ни беше на нас сите овде кога го донесувавме Законот за педагошка академија. Морате да знаете дека во нашите ректорати, или пред нашите бирачи не ни беше лесно зарем ни беше лесно кога донесовме Закон за употреба на знамињата на националностите, иако бевме сите до еден овде убедени дека такви закони имаат уште две држави во целиот свет на оваа Земјина топка.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ,** (продолжение)

Зар немаше тука толеранција? Се прашувам, живеам во средина каде има Албанци, Срби, Македонци и морам да кажам дека се радувам, а тие граѓани што, на територија на таа општина Куманово моментално се градат три училишта за дечиња апбанчиња. Среќен сум што ќе имаат каде да учат. Минатата изградивме две училишта исто за дечиња албанчиња, немој, грешка да се искажам на крај дека едно изградивме само за македончиња и другите. Не, среќен сум што градиме такви школи, среќен сум што ќе имаме учени граѓани, среќен сум што градиме водоводи, среќен сум што градиме патишта, што градиме електрика.

Зарем сето ова не зборува дека правиме мостови на заедничка соработка и заеднички соживот? Што сакаме понатаму?

Изгледа, кај некого се изгубило чувството, како што кажав на љубов, на реалност, на почитување. Тоа чувство се изгубило према мене, јас морам да кажам свое мислење, од проста причина што некои умови сеуште се циментирани, но не со цимент УСЈЕ туку со цимент наречен национализам, забарикадирани со омраза кон се она што не е од својот етникум. Таквите умови да се погрижиме што побрзо да ги снема од територија на оваа држава за да може да живееме, за да можат тие наши дечиња за кои градиме училишта да можат да живеат. водоводи што правиме да можат да пијат вода. Инаку, ако ги оставиме тие умови вака, да шетаат слободно, да се искажуваат и да ни прават вакви проблеми, тогаш ништо од функцијата што ја имаме како народни избраници овде не сме направиле.

Јас, морам да кажам дека, кога се прифатив да се кандидирам за пратеник, меѓу другото дадов изјава дека ќе го почитувам Уставот на РМ, а верувам дека сите тоа го направивте. До еден пратеник тоа мораше да го даде или да кажам, на еден начин дадовме заклетва дека во овој дом ќе работиме по Уставот, ќе работиме по законите што овој дом ќе ги донесе.

Јас морам да кажам дека не можам никого да почитувам и никого дд. одобрувам, кој и да седи во овој дом или не седи во овој дом, не сака да го почитува Уставот и законите на оваа држава, бидејќи непочитување

на Уставот, законите на државата, се доведува во прашање интегритетот и суверенитетот на Република Македонија.

Јас, лично не можам да сфатам дека овде можеме да бараме одговорност од човек кој го почитувал Уставот, ја спроведувал Одлуката на Уставниот суд со што, мора да признаеме, ја штител и независноста и суверенитетот на нашава земја, на нашава татковина. Се прашувам зарем може некој да бара од таков човек одговорност и зарем треба да седам ако такви сме, во еден ваков Парламент?

Почитувани колеги,

Да се вратам на почеток од мојата дискусија во која кажав дека треба да имаме големо чувство на одговорност, пред се кога се работи, кога се расправа по прашања на меѓунационалните односи во една држава, како што е нашава држава Република Македонија. Да ве повикам сите политичките маркетинзи да не ги правите на оваа тема. Политичките маркетинзи правете ги на економијата бидејќи овие политички маркетинзи многу лесно влегуваат во уши на обичните граѓани, правете ги маркетинзите на други теми бидејќи до овие маркетинзи, како што кажа еден претходник, предизвикуваат само една работа. Предизвикуваа смрт на невини луѓе, на луѓе кои не можат да сватат дека многу овде што стануваат не стануваат да го искажат она од свое срце и душа, туку стануваат и во интерес на партија. Бидејќи сепак можам да кажам сватив една работа, пратеникот може од овде да каже се, дури и некое достоинство на друг човек да го доведе до не знам која граница. Меѓутоа, сватив дека тој може да се доведе и самиот под достоинството на она што се вели човечко.

Не сакам ниту еден од нас да биде таков.

Сакам да почнеме да ги осудуваме сите појави, не само да зборуваме за Руфи Османи. Да кажеме и за командирот Стојковски, да кажеме и за другите дечиња, без разлика дали беа Македонци или Албанчиња што се ранети, што загинаа чувајќи ја оваа наша држава, оваа наша убава татковина, а таа е татковина на сите овде.

Ви благодарам.

Господин Даневски бара збор.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Јас имам намера да дискутирам, без демагогија, немам намера, имам намера да дискутирам, ова се надоврзува на многу те седници што поминаа за немилите настани што се случија во Гостивар и Тетово. Сигурно дека граѓаните кои живеат беа исплашени, а сите граѓани во Република Македонија исто така беа уплашени за она што се случува во Гостивар и Тетово.

Ова е едно продолжување на она што се случуваше на изминатите седници и како рефлексија доаѓа интерпелацијата на пратеничката група на ДПА.

Беа кажувани многу работи, многу вистини, многу извори на информации, многу невистини. Се повикуваше на една работа, се повикуваше на друга работа, трета, но никој не сакаше да го отвори прашањето што е мотивот?

Мотивот овде се случи во Парламентот, со изгласување на Законот за употребата на знамињата на националностите. Оваа одговорност за сноси СДС и коалицијата ПДП. Ова, што господинот пратеник од СДС дофрла дека не е, така е. Вие гласавте за употребата на знамињата на националностите, вие и коапицијата од ПДП. Ние, пратениците од Либерапно-демократската партија во сите настапи зборувавме и дававме јасна насока дека ќе се случи ова, дека ова е тек почеток, затоа што добро, е што пратениците од СДС сватија дека направија грешка и бараја покајание од оваа говорница. Претходниот дискутант кажа дека е направена грешка. Ние тогаш опоменувавме дека правите грешка. И, уште ќе се прават грешки затоа што ова прашање уште е отворено. Носењето на законот кое е во функција, што беше потенцирано од еден говорник од СДС дека само во две земји постои е на сила на употреба.

Што значи прашањето е отворено, и ќе ни се случуваат уште вакви работи. Затоа што по итна постапка треба овој закон да се тргне. Не може ако Парламентот му дап право и не може да се употребува знамето на туѓа држава и тогаш говорев што ќе се случи. Ќе се случи за било кој празник ќе правиме балканијада. Покрај македонското знаме ќе се наредат уште сите знамиња на соседните држави.

Моето кажување на оваа говорница и тогаш кажав се прави грешка. Правите грешка вие господа или другари од СДС. Го носите законот во свој личен партиски договор со ПДП. Грешката се направи. Одговорноста е во коалицијата. Ние, тука не слушнавме одговор од Владата. Информацијата е дојдена од Министерството. Министерството не треба да даде одговор туку Владата треба да даде одговор на ова прашање.

Сега, што бараме? Ниту еден од пратениците на ПДП не стана да каже што е договорот? Не знаеме што е договор меѓу СДС и ПДП. Тоа е личен договор, тоа е договор меѓу коапицијата. Можеби е договорено - ќе ве тепаме, ама малку ќе ве тепаме. Е, не може малку да тепате. Кога отидоа полицајците на терен таму, кога почнаа да пукаат на полицајците, не може полицаецот да кажува еве вие во Владата со ПДП и СДС малку се договоривте малку тепајте. Е, не може да тепате. Тепање си е тепање.

Моите сограѓани во Свети Николе прашуваат вака, ова тепање е малку тепање. Уште повеќе требаше да тепа полицијата. Во право е, вика, министерот. Но, грешката е тоа што полицијата доцнеше. Малку е, вели, ова тепање. Требаше уште повеќе тепање. Полицијата каснеше. Ова требаше вика, во континуитет, да не дојде вакво случување. И, сигурно, ако се случуваат вакви работи, полицијата е таа, ние ја плаќаме, ние ја финансираме. Полицијата ќе си извршува. Никој не кажа кој дал налог на министерот Чокревски? Па, министерот Чокревски не е паднат од небо. Министерот Чокревски е во Владата. Во Владата се министрите од ПДП, од СДС, тука е премиерот. Без знаење на премиерот нема шанса министерот на своја инцијатива да тргне во Гостивар и да прави таква акција. Тоа е координирана акција. Договорот е да се тепа, но малку, умерено. Е, нема * умерено. За вакви настани има тепање и малку повеќе тепање.

Ве молам, не дофрлувајте од место.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Она што од оваа говорница беше искажано дека овие настани што се случуваат во Гостивар ќе доведат Гостивар да биде чист. Од оваа говорница се повика дека се прават напори да се чисти. Ова беше рефлексија и реакција на она што се случија редица убиства. И во следниот период ќе се случуваат такви работи затоа што одговорноста стои тука. Одговорноста стои во Владата. Одговорноста стои во коалицијата СДС и ПДП.

Сега сакаше да се направи маркетинг. Тука некој повикува маркетинг. Маркетингот сакаше да го направи СДС и премиерот. Ќе тепаме, бевме спремни оваа есен да направиме избори, ама, ја промашија математиката во пресметките, не можат да одат оваа есен на избори и сега не можат да ги ефкетуираат. Не постигнавте никакви поени. Нема никаков маркетинг.

Ова што се случи се трагични настани, остануваат како такви забележани. Одговорноста стои во Владата. Ова што беше кажано од оваа говорница е многу индикативно, првиот човек на ПДП јавно повика дали требаше да ни се случи ова во Гостивар. За контра она се јави координаторот на пратеничката група СДС ова мора да се случи.

Што да веруваме. Значи, е договорено, треба да се случи и не треба да се случи. Ова не збунува, што значи има таен договор. Добро е координаторот на СДС да излезе на говорница да објасни дека и натаму ќе се тепа, дека ова ќе се, се се ова координирани работи.

Ова, што се бара одговорност од министерот, што се бара сега од полицајците дали тепале или не јас ако имам забелешки на министерот, во ова немам никаква забелешка во оваа акција. Јас, можеби имам забелешка на она што се јавува како реакција од припадниците од МВР дека им се мапи платите, дека она што е укинато не можат да се организираат синдикално. Ова е мојата забелешка до министерот.

А, ова што е направено како интервенција, јас го оправдувам ова дело или недело на министерот. Оваа реакција е нормална на полицијата бидејќи и многу дискутанти Албанци, пратеници, рекоа дека полицијата е таа што треба да го воспостави редот и мирот. Дека таа реагира по нечија наредба. Полицајците не се виновни. Тие си ја извршуваат својата задача. Сега, дали се доволно платени, тоа е друго прашање. За тоа во друг момент ќе кажеме затоа што за тие денари таму што го ставаат животот на коцка е друга тема. Тоа, во друг момент.

Би завршил, одговорноста за целата оваа работа е фарса во Владата и одговорноста е на Владата. Министерот и полицајците немаат никаква одговорност. Ова прашање треба да го одговорат баш коалиционите партнери СДС и ПДП.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Стојковски, реплика

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Само сакам да кажам дека целата моја одговорност беше за одговорноста на кажаниот збор од оваа говорница. Замислете си, минута како седнувам од говорницава се искажуваат работи што не се кажани. Никогаш не кажав дека сме грешеле, сме згрешиле со донесување на Законот за употреба на знамињата за меѓунационални односи. Реков дека пред нашите бирачи, исправив дека модерно викаме електорат, јас реков гласачи, убаво, на македонски дека имавме многу мака и не ни беше лесно. Меѓутоа, успеавме да им објасниме и да им кажеме што и како.

Затоа уште еднаш повикувам навистина на една поголема наша одговорност кон кажаниот збор, бидејќи сватете едно, она што ќе го кажеме овде ни се враќа како бумеранг. Тоа го почувствуваа некои мои колеги на локалните избори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Видете, направивте многу голема мака но и многу големи проблеми направивте. Вие, од СДС и ПДП го изгласавте законот за употреба на знамињата. И сами рековте од оваа говорница, стои стенограм дека само во две земји во светот ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ама, тоа нема врска со репликата.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Па и ова неговото нема врска со мојата реплика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ве молам.

Има збор г-дин Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Дами и господа пратеници,

Ние, како предлагачи на интерпелацијата сериозно сакаме да се дискутира за одговорноста на министерот односно г-динот Чокревски, бидејќи се работи за еден проблем што ние имаме впечаток дека некој треба да одговара и како Парламент. Ако сака и понатаму да ја согледа

Република Македонија како држава на сите граѓани вклучувајќи тука и Албанците, тогаш треба да имате сосема друг пристап кон проблемот.

Гледам дека во дискусиите што испаднаа од двете парламентарни групи и од либерал-демократите и од СДСМ некој сака тука да извади поени, да направи политички маркетинг. Проблемот не е за политички маркетинг.

Да ви кажам озбилно. До колку овој парламент на оваа седница по оваа точка не се дистанцира од репресивната политика, што ние сме длабоко убедени дека во Гостивар направен е тој скандал што не може да го запамети ова поднебје, некој тука сака да изигрува. Не е фер, ниту е хумано. Но, ние сега сме во една позиција и во дилемите што да направиме понатаму. Што да направиме понатаму, одговорноста е од сите нас.

Од Парламентот да се огради или да се дистанцира од една ваква политика. Знаеме дека со изгласување на недоверба на г-динот Томислав Чокревски не се расчистуваат сите проблеми, но моментот го бара тоа. Ако некој од пратениците мисли дека мирот и стабилноста во оваа зависи само од Македонците тоа е историска грешка. Бидете убедени дека за мирот во Република Македонија е потребен и албанскио глас и албанската мобилизација. Република Македонија особено македонскиот народ, знаеме од историјата дека не мисли вака како што мислат поедини функционери на државата.

XI/1/НН/лј

**ХИСНИ ШАЌИРИ:** (продолжение)

Ние со овој проблем заиста раправаме, можам да кажам повеќе од три или четири дена. Јас реков кога го образложив интерпелацијата. Ние не сме поднесле интерпелација затоа што сакавме да го ставиме г-динот Чокревски во една црна клупа. Јас гледам како е расположение на г-динот Чокревски. Ние сме свесни тука за многу работи во парламентот. Кога беше поднесена интерпелацијата од парламентарната група од Либерапната партија, сега Либерап-демократска партија баш не му беше вака расположението, бидејќи се работи за еден скандал тогај што го направил со новинарите. Стварно требаше тогаш да одговара пред своите сонародници.

Г-да ако некој мисли дека постигнал нешто во Гостивар на 9-ти, или со изречената казна денеска на г-динот Руфи Османи од 13 години и 8 месеци, можда г-динот Чокревски затоа е денеска расположено, бидејќи е реализирано неговиот план денеска со решението на Основниот судски совет во Гостивар. Мислим дека е тоа многу наивно. Јас не сакам, тука да правим политички маркетинг нити, не сакам некога да го увредам. Никој од нас не мисли на тоа, не го г-динот Чокревски сноси одговорност за овој проблем и како така треба да оди. Тоа е ваша работа даIи вие ќе гласате или не. Тоа е ваша работа. Ние сме свесни кога сме го предпожиле интерпелацијата дека немаме доволен број на пратнеиците и да го разреши од овој должност г- динот Чокревски. Но, јас во крајот на мојата дискусија побарав и од вас поддршка.

Еден од пратениците поставил прашање кој победил кој изгубил. Г-да тука нема ни победници, ни губитници. Ако некој мисли и прави некои математички пресметки дека се албанци во овој момент изгубиле, тоа е многу политичка грешка. Тоа е политичка грешка. Некој од пратениците исто така овие проблеми ги поврзува со истакнување на знамето. Г-да во оваа држава не го направил тоа Гостивар откога е г-динот и како градоначалник на Гостивар. Дај проблемите да ги гледаме од

напред. Или ако некој мисли дека Македонија, уште еднаш го повторувам ќе се брани во Гостивар тогаш исто така се направи грешка, политичка грешка. Ние баравме не знам колку пати во оваа говорница да се дискутира сериозно за некои проблеми кои се отворени. Да се дискутира и да се седне било со кога и да се надмина оваа ситуација што е сега создадена. Но, никој не сака овие проблеми да ги зема во предвид. Секој избегува од одговорност. Проблемите со албанците не се решаваат вака. Мене да ви кажам право како граѓанин и како член на овој законодавен дом, многу ме иритирал денеска, денешната одлука на Основниот суд во Гостивар. Многу ме иритирал, а уште еднаш го повторувам тоа г-динот Чокревски многу е расположен. Многу е расположен. Да, да г-дине така е. Ни е мислим фер бидејќи ние слушнавме од вашето излагање во врска со информацијата за гостиварските настани, баш од почетокот до крај јас ве испратив. Една реченица беше од вас - никој не сакам да ми упадне у мојот совест. Исто така, секој пратеник во овој законодавен дом, тоа го сака. Денеска вашиот став е многу, вака го иритира пратеничката група на Демократската партија на апбанците и сите пратеници албанци. Ние очекувавме одговор од вас во врска со интерпелацијата. Ние добивме писмен одговор. Излегол пратеникот Звонко Каров како ваш адвокат некои работи ги изнесол во говорницата, а за овие проблеми и вие знаете подобро од мене дека треба посебно многу одговорно секој пратеник и секој член на Владата да се произнесува, бидејќи реперкусиите и последиците ќе бидат за сите Нас. Овој пат во Гостивар некој мисли само за апбанците, но тоа е една лоша, да кажам трага, лоша дамка за оваа држава и за сите граѓани во оваа држава. Затоа г-да пратеници мислим дека и вие сносите голема одговорност. Ние знаеме, уште еднаш го . повторувам, проблемите нема да се решаваат со разрешување на г-динот Чокревски од ова должност, меѓутоа, ќе се направи нешто минимум од оно што ние бараме.

Фала.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ІАИРИ:**

XI/3.-

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници

Како што забележувате на денешната седница пратеничката група на ПДП не е вклучена во расправата по однос на оваа интерпелација не дека нема што да каже туку напротив затоа што сметаме дека се што имавме да кажеме беше кажано во текот на расправата по однос на информацијата поднесена за настаните во Гостивар и Тетово. И по однос на се тоа што го кажавме сметам дека и по однос на оваа интерпелација уште тогаш ние го кажавме нашиот став. Тоа што ме натера да излезам на оваа говорница е инсинуациите на еден според мене несериозен, недоговорен пратеник, не е ова прв пат да истапува на тој начин и на одреден начин да заговара еден таен договор меѓу СДСМ и ПДП по однос на случувањата во Гостивар и тоа на најподмолен начин. Дека ние сме се договориле да има таму тепање но не такво какво што се случило.

Токму ова, сепак сериозна инсинуација бара одговор. Одговорот е даден од наша страна, но мислам дека треба да се повтори уште еднаш.

Ние обрнавме внимание дека ниту како министри во владата, а ниту како партија не сме биле запознаени со акцијата која што се презема од страна на полицијата. Една од нашите забелешки и замерки по однос на министерот, по однос на Владата е токму овој однос. Затоа сметам дека во овој дел дискусијата е сосема неодмерена и е во доменот на чистите инсинуации.

Понатаму, сметам дека токму ваквите дискусии во кои што еден пратеник заговара поголемо тепање од тоа што било е токму тој потстрек кој што ги наведува полицајците да ги пречекоруваат своите овластувања, затоа што токму од еден пратеник во законодавниот дом на оваа држава добиваат поддршка за кое што сметам дека би требало целата јавност во Република Македонија а ние како пратеници да застанеме во осуда на истите.

Јас предлагам Собранието по однос на овие инсинуации и по однос на овој повик на поголемо тепање на народот одошто се случи таму да се осуди и да се огради.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Тантаров.

XI/4.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници гледам дека вие досадно и реагирате на секое излегување од клупите меѓутоа што да правиме, ние сме пратеници дојдени од народот и треба да не слуша народот нешто да кажеме.

Настаните во Тетово и Гостивар беа и поминаа и недај боже понатаму и да не се повторат.

Во расправата за настаните во Гостивар што траеше три дена, ова и е четврти ден, на адреса на министерот Чокревски и на македонската полиција беа искажани тешки зборови. Од тешки потешки.

Г-до старите велат "Господ е голем и гледа се" . Што сакаат да кажат со тоа знаете сите и јас вечерва е би сакаl да го коментирам.

Јас не сакав да учествувам во оваа расправа но ме поттикна дискусијата на еден пратеник и од апбанските пратеници од оваа страна на салата.

(Со левата рака покажува на неговата лева страна од клупите)

Кој во својата дискусија го нападна Чокревски. Меѓу другото рече дека во Гостивар победила полицијата. А кој чекавте вие г-дине во Гостивар да победи? Вашата теза за голема Албанија? Ако победевте вие денеска Чокре ќе го немаше овде. Ќе немаше интерпелација за ново плукање по него. Ќе си одеше одамна сам.

Мислам дека пратеникот што на оваа говорница ја призна полициската победа односно одбраната на ова катче на слободна Македонија од некои тези за голема Албанија нашата полиција неминовно треба да ја анализира и да ги испита сите активности на сега веќе признатиот пораз на гостиварските екстремисти. Можно ли е да ни се случи Гостивар 2. Г-до Гостивар е дел од Македонија и македонецот нема да го остави да лежи на такво буре барут.

Пред настаните и по настаните во Гостивар, во Пелагонија, тоа денес мора јавно да го кажеме се бараше формирање на дружини за спас на Гостивар. Што ќе беше ако ова зло не го спречеше нашата полиција, како што го спречи она во Гостивар во јули годинава. Г-до пратеници и во првата расправа за настаните во Гостивар и денес се црни Чокревски и неговата полиција. Јас мислам дека и тогаш и сега овие расправи не се ништо друго туку освен едно добро орање за сеење на омраза меѓу македонците и албанците. Вие г-да пратеници од

XI/5.-

албанците постојано се заканувате со ова со она. Кого го плашите? Никој не се плаши од вашите закани. Дајте со зборови да ораме за нашето сожителство. Тоа не го измисливме ние, тоа го измислија старите македонци и апбанци. Судбината да живеат на овие простори ги натера да живеат заедно. Да бидат заедно во продавница, во школо, на сред село. Секаде се заедно само во црквата и џамијата одвоено. Дајте да ја вратиме довербата меѓу македоцните и апбанците. Само така можеме да одиме напред во оваа нова држава.

Г-до јас сум пратеник од повеќе македонски, албански и турски села. Во нив заедничката живеачка што ја имаат исткаено старите македонци, турци и апбанци мислам дека никогаш и некаде тешко ќе се скине. Ела те, повелете и видете.

Инаку, во првата расправа за настаните во Гостивар македонската полиција беше наречена арамија. Тоа е тешко обвинение. Анкетната комисија ќе ја каже вистината за тоа. Дотогаш јас во името на битолските полицајци што беа во Гостивар барам собранието на Република Македонија да се огради од оваа страна на квалификација на македонската полиција. Ние имаме добра полиција, добар министер и добри соработници на министерот.

Г-до полицијата и министрите во Гостивар успешно си ја извршија поставената задача. успешно како кога први застанаа да ги чуваат вештачките граници на слободниот дел на Македонија. Успешно и како кога, сега кога ја брани Западна Македонија од арамиите од соседна Албанија. Дали г-динот Чокревски треба да си оди од неговата функција министер заради тоа што неговите полицајци се борат и гинат од апбанците од Албанија што ја харат Македонија. Би прашал дали само крадат или имаат и некоја друга задна намера?

Јас го поддржувам министерот Чокревски, а вие г-до пратеници Албанци Чокре да има и 100 глави да можете веднаш сигурно да му ги земете сите. Чокревски мислам дека не заслужува вакви навреди. Чокревски дојде во право место на чело на македонската полиција и треба да остане, треба долго време на нејзината полиција.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Наџи Пурде.

XI/6.-

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Драги пратеници, јас 6и го прашап претходноит говорник, кој го оспорува тоа дека Гостивар не е дел од Република Македонија. Нека ми одговори тој од кого чул таков еден збор. Нека ми одговори тој кога и како и во кои околности ги чул овие зборови. Не е вистина дека Гостивар не е дел од Македонија. Токму Гостивар е дел од Република Македонија.

**НАЏИ ПУРДЕ:** (Продолжение)

Но, тие луѓе што сакаат да се камуфлираат зад своите недоб намери конпоправање на односите, меѓуетничките односи, верувам дека тие луѓе го употребуваат овој збор. Исто така овие зборови како што тој рече голема Албанија, етничка Албанија, чисто етничка Албанија како што се употребува понекогаш тие се зборови до стариот арсенал. Тоа се зборови кога се употребуваат само за да албанските интелектуалци се стават во една положба каде таа положба беше мошне неповолна во стариот монистички систем. Сега, дали имаме право тие зборови да ги вадиме од арсеналот и да ги оправдуваме нашите нечисти совести.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор ?

Има збор г-динот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, денешната расправа за интерпелацијата за работата на министерот за внатрешни работи Томислав Чокревски во една поширока смисла ја разбирам како расправа за местото и улогата на полицијата во едно демократско општество за кое се залагаме сите да го изградиме.

Ова прашање е посебно значајно и за нас Албанците кои во изминатиот пет децениски период на постоење на македонска држава најмногу го почувствуваме дејството на полицијата врз нашите плеќи посебно на политичката полиција односно службата за државна безбедност која работеше како продолжена рака на југословенската односно српската служба за безбедност чија најважна работа и беше да произведува непријатели од редот на албанската националност.

XII/2.-

Бројот на албанците кои во овој период биле кривично и прекршочно судени за национализам, сепаратизам и шовинизам како што оценуваат органите за безбедност е огромен. Секогаш кога партиските или државните органи на Југославија или на Македонија ќе заглавеа со нивната политика на економски или политички план од ракавот, како скриен адут, веднаш се потегнуваше прашањето за така-наречениот албански национализам и сепаратизам со што требаше да се покријат слабостите на власта да се избегне одговорноста заплаши на^ родот посебно македонскиот дека треба да молчи бидејќи Албанците са! што не дигнале бунт или не се отцепиле од Македонија. Сеуште се сеј ваме на долгите седници на ЦК на кои на долго и на широко се расправаше за опасностите од овој вид национализам проследено со груби и вулгарни навреди на целиот албански народ во што учествуваат и одделни партиски кадри од Албанците кои за да ја докажат својата подобност и послушност кон монистичкиот режим плукаа врз сопствениот народ .Сите оние други кои имаа плурален став кон Албанците меѓу нив и некои Македонци беа јавно жигосувани и екскомуницирани дека го помагаат албанскиот национализам и сепаратизам дека се потолерантни спрема шиптарите. По овие седници веднаш следуваа вистински хајки против Албанците, политички диференцијации во работните колективи, политички судења прекршочни казни, акции за рушење на авлиите и тн. Да се разбереме, никој нема право и не е против да се земат на одговорност оние кои се залагаат за насилно рушење на поредокот, кој подготвува терористички акции, вршат други кривични дела, меѓутоа, дами и господа пратеници голем број Албанци во изминатиот период беа осудени заради нивно учество во демонстрациите на Косово или надвор од Југославија. Заради вербална поддршка на идејата за Косово Република, поради носеше на албански национални симболи и пеење на песни барање на изведување настава на албански јазик, вербални

истапи кршење на сликите на Тито и на други и сл. Воедно на некои обични кривични дела и најбанални прекршочни оштетувања на имот, тепачка и друго веднаш им е пропишувана казна затвор со политичка позадина доколку сторителот бил Албанец. Казната била без никаков критички став дали навистина се работи за свесна политичка акција или за обично дело што го прават сите без оглед на националната припадност. На пример, вакви квалификации се давани за верски обреди на Албанците при што најкарактеристичен е случајот со погребот во с. Равен Гостиварско за што расправаше Централниот комитет на КП. Последиците таквата политика беа катастрофални и за Албанците и за Македонците За Албанците затоа што кај нив се јавуваше омраза и отпор спрема власта и страдаа невини луѓе....

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Јас потсетувам дека имаме интерпелација за министерот Чокревски и ве молам да ја насочите дискусијата во таа насока. Ве молам повелете, не сакам да ве прекинувам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Мене ми се обраќаш?

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

На сите во Собранието.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Последиците од таквата политика беа катастрофални и за Албанците и за Македонците. За Албанците затоа што кај нив се јавуваше омраза и отпор спрема власта и страдаа невини луѓе посебно млади кои цел живот ќе го носат печатот дека се националисти, шовинисти и сепаратисти. Таков еден случај имавме пред 8 години кога

во Тетово беа осудени неколку средношколци како контрареволуционери затоа што во нивните тетратки напишале песни за албански национални јунаци итн. Негативните последици за Македонците ги гледам во фактот што преку постојано потенцирање на опасноста од албанскиот национализам и сепаратизам вештачки се создаваше омраза кон сите албанци чии последици и денеска се чувствуваат и претставуваат огромна пречка воспоставување на трајна меѓуетничка доверба, почитување, разбиран и толеранција во Република Македонија.

Состојбите на меѓусебна недоверба и сомневања освен на нашите заеднички непријатели не им одговара ниту на Албанците ниту на Македонците во Република Македонија. Доколку навистина сакаме да живееме заедно во оваа држава Република Македонија. Очекувавме дека со распадот на тоталитаризмот и со воспоставувањето на демократијата во Република Македонија вакви состојби ќе бидат надминати и закопани како непријатно искуство во историјата. Меѓутоа, за жал, нашите надежи и очекувања не се остварија и сега повторно се соочуваме со истите тенденции на постапување на полицијата и под раководство на актуелниот министер за внатрешни работи Томислав Чокревски.

Имено, во МВР, а пред се во СДБ сеуште постојат сите политички досиеја на албанците формирани во времето на едноумието и ти луѓе и натаму имаат третман на државни непријатели на Република Македонија вклучувајќи ги и оние кои јавно го напаѓале спрскиот режим, српската политика, ЈНА или искажале поддршка на Албанците од Косов Меѓу нив сеуште постојат досиеја на добар дел до нас пратениците н ПДП. Дури имаме случаи веднаш по изборот во биографиите на одделни пратеници да им биде запишано дека се албански националисти и сепаратисти што е дело на сегашната СДБ, за жал. Верувам и денеска дел од нас иако сме легално избрани пратеници сеуште има голем дел ако не и сите кои

XII/5.-

се под целосна обработка на СДБ за тоа располагале со бројни сознанија при што само е изменета класификацијата на третманот, па наместо албански национализам и сепаратизам ни се припишува некаков тероризам и екстремизам. Од тоа што ни се припишува тероризам за жал, жртви во последните години се само Албанците. Само од еден заскитан куршум загина Марија Нешкова.

Со едно такво образложение и оправдување беше изведена познатата акција во село Радолиште Струшко која според сите податоци ја организираше СДБ. Во таа акција во која учествуваа илјада, дозаби, вооружени полицајци и две оклопни возила грубо беа претепани повеќе невини граѓани и деца, а таквата незапаметна окупација на селото предизвика вознемиреност и страв кај сите Албанци. Доколку полицијата беше способна, зборувам за тој настан немаше да врши претрес на цел село и да постапува така, туку акцијата ќе ја ограничеше на онаа ку или на оној човек кој навистина поседувал непријавено оружје. Луѓето што се затворени во тоа време беа и дење и ноќе малтретирани од некој,така кажуваа, го викале касапин, а исто така и од неговите соработници. Да се демонстрира сила, вештачки да се предизвика конт реакција кај Албанците, да се дестабилизира Македонија и тогаш при- сутната ЈНА да се појави во улога на спасител на Македонија и да остане тука, тоа им беше целта на дел од таа служба за државна безбедност во тоа време.

Со иста цел беа инсценирани настаните на Бит Пазар во кој животот го загубија 4 невини луѓе, а беа претепани голем број граѓани, Никој не може да ме увери дека едно 15 годишно дете е главен виновни за илегалната трговија со цигари и дека тоа да биде претепано, а главните трговци кои се од прва рака во тој синџир на недозволена трговија, мирно да си ги полнат џебовите и да предизвикуваат такви ситуации во кои се загрозени животите и на полицајците и на граѓаните.

Потоа од органите за внатрешни работи се инсценира Мала Речица, се инсценира Гостивар, се инсценираа и други се знае уште какви сцени ќе се организираат и ќе се предизвикуваат, а мислам

дека за овие настани поготово последниве во Гостивар целосна одговорност треба да поднесе министерот Томислав Чокревски и неговите соработници.

Ние не сме наивни да не кажеме дека континуирано се прислушкува и нашата партија и пратениците и некои наши лидери. Затоа имаме бројни конкретни податоци, но имаме и укажувања од неколку странски политичари кои на некои наши раководители им покажувале такви снимки со цел нашата партија, ПДП, и нејзиното раководство да се искомпромитираат како терористички. Затоа ценам дека ова прашање е доста сериозно и дека ние денеска не можеме да зборуваме за никаква демократија ако се следи и прислушкува било која политичка партија.

Исто така и натаму продолжуваат репресивните мерки на полицајците кон Албанците посебно спрема притворените кои грубо се тепани во полициските станици без никакви причини. Последици од тоа имаме 3 смртни случаи на Албанци кои умреле од тепање во полициските станици. Еден во Скопје, еден во Куманово, а едниот подле1 на раните од полициското угнетуваше во Гостивар Миљаим Даути.

Загрижувачко е што оние кои учествувале во тоа наместо веднаш да бидат суспендирани министрите и конкретниот министер ги унапредува на раководни места во МВР. На такви раководни места посебно во СДБ сеуште се наоѓаат оние кадри кои својата кариера ја граделе на прогон и монтирање на процеси спрема Албанците уште во времето на едноумието, а и денеска продолжуваат со такви активности.

Ништо подобар не е и односот на МВР кон граѓаните од албанска националност на работа во странство. При секое нивно доаѓање во земјата веднаш се викаат во полиција, се бара да даваат објаснување зошто биле во некои клубови или ресторани чии сопственици се Албанци во земјите во кои работат.

Пак има појави на дел од нив незаконски да им бидат одземе ни и задржувани накитот, девизите, парите, патните исправи без никаква причина или образложение поради што некои ја изгубиле работата во странство, бидејќи не се вратиле назад на време. За да се спасат од тоа некои од нив се принудени да даваат мито на одделни инспектори кои ги уценуваат. Јас истото тоа ќе го задржам како што го задржа минатиот пат министерот Чокревски кога рече дека располагаме со име и презиме, со организации и ред други кои сакаат да го подриваат системот и интегритетот на Република Македонија.

Жалосно е што овде никој не се освестува дека тие луѓе сето тоа што им се случува овде го кажуваат и во странство и создаваат негативно мислење за демократијата во Република Македонија и по за односот и стапките на МВР. Постапката на управните служби на МВР спрема Албанците ми се чини дека е најлоша. Доколку не е најлоша треба со релевантни документи и документација да ни го докажат обратното. Нема ниту еден документ кој треба да биде изваден од Албанецот да не чека со месеци или да биде грубо навредуван од службениците заради неговата неукост или недоволно познавање на постапките. Често пати за најобичен документ му бараат разни други документи и му се закажува долг рок на чекање на издавање на документот и едноставно се одбивани. Секако одвивањето е без никаква причина. Има безбројни примери и денеска можете да ги видите долгите шалтерски редици. Проверете ги доколку не ви е тешко.

Пратеничката група на ПДП не мислевме да расправаме воопшто денеска за интерпелацијата на министерот Чокревски затоа што ние расправавме и остануваме во тој дел кога ние ја имавме информација пред себе и за неа дискутиравме. Останувавме на тоа дека се формира посебна комисија при Владата на Република Македонија за оценување

на пречекорените овластувања на МВР, а исто така се формира и Анкетна комисија при Собранието на Република Македонија и мислевме дека кога ќе ги имавме двата документа по нив ќе расправавме, а секако тие две комисии сигурно во Гостивар ќе наидат на многу аргументи и на многу состојби и ситуации кои јас минатиот пат можам да кажам само едно 10% од она што го реков ми беше достапно, а сега имаме многубројни факти и аргументи за грубоста на полицијата во Гостивар.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Пратеничката група на ПДП не може да биде задоволна и од кадровската политика на МВР, а посебно во Службата за државна безбедност и покрај тоа што во последно време се примени и одреден број на кадри од албанска националност. Проблемот е дотолку поголем зашто на овие кадри и натаму се гледа со недоверба и се распоредени на споредни работни места, а за некакви унапредувања и поставувања на слободни функции не станува збор. Кон ова треба да се додаде и фактот што голем дел од ново примените кадри се примаат според старите критериуми и шеми и тоа луѓе кои не уживаат углед и доверба и кај Албанците што е посебно важно, ако се има предвид традиционалниот однос на почитување и респект кон власта од страна на Албанците.

Затоа, почитувани пратеници, доколку сакаме да имаме вистинска демократија во РМ, меѓусебна доверба и почит меѓу двата народа, и другите што живеат во неа, без оглед на националната припадност, доколку сакаме да постигнеме состојба Албанците искрено да ја чувствуваат полицијата и како своја, сите оние негативни состојби на МВР и СДБ мора да бидат надминати. Се мисли сите оние недостатоци. Тоа е во интерес на сите. Мое мислење е дека сегашното раководство на МВР на чие чело е г-динот Томислав Чокревски, не покажувало желба и не е способно тоа да го стори.

Јас ќе гласам и ќе ја поддржувам интерпелацијата за работата на министерот Чокревски поради тоа што ќе наведам и неколку други податоци.

Јас сум загрижен со полицискиот поход во Гостивар на 9 јули 1997 година со нивна невидена бруталност на едничкото население.

Јас образложив само дел од фактите за настаните во Гостивар каде полицијата изврши насилство, која ги пречекори своите компетенции во согласност со важечките државни закони како и на меѓународните закони.

Насилствата што полицијата ги изведе во Гостивар не можат да бидат сватливи спрема сите граѓани кои воопшто не пружила отпор - земен од својата канцеларија (му скршиле ребра), потоа врзан на сред бел ден на плоштад, за комуникациски знак, па потоа повторно над него е вршена пресија. И врзан за столбот за сообраќаен знак на сред плоштадот, врзан за столбот и повторно маван. Човекот е земен од својата работна организација, од својот деловен простор, Дилавер Зулфиќари. Па, потоа откако бил врзан на сред плоштад, уште врз него е применувана сила. Овој начин на бруталноста спрема нив, во која правна држава полицијата може да дејствува, а да не одговара за своите постапки? Кажете? Кажете во која правна држава може да постапи така полицијата.

На голем број луѓе приведени од дома, потоа задржани со пратење дека демонстрирале во овие настани, им се негирани уставните права недозволувајќи да користат право на адвокат. Во судските сапи сите приведени биле под полициски притисок и пред самите судии, зашто не се осмелува ниту еден судија од Основниот суд во Гостивар, тоа јавно да го признае. За наша среќа, судиите биле сите Македонци. Каде е моралот на таквите судијата. Зошто тој јавно не реагираат дека пред судските сали полицајците биле вооружени. Зашто не реагираат дека во споменатите моменти беа суспендирани правосудните органи на сметка на полициското делување.

Зошто судијата не реагирал кога пред него полицијата во судска сала удира на Сабри Демири од с. Врапчиште? Полицаец удира пред судијата во судската сала. Каде е неговиот морал?

Пред кого дал заклетва дека нема да суди под притисок и т.н.

Или што мислел кога дал заклетва таквиот судија? На што мислел? И тој ти е некој судија и за него може да се каде дека во него има сепак морал? Срамота, брука наша што сме дигале прсти за негово именување за судија во Основниот суд - Гостивар. На овие луѓе им се претело во судската зграда - во палатата на правдата.

2. Имало голем број на приведени од дома, извршени претреси дома (опљачкани дома, без решение за приведување), дејствија кои се во спротивност со Уставот на Република Македонија, која гарантира неповредливост на семејниот дом.

Со овие дејствија на полицијата во Гостивар - се газени многу меѓународни договори во кои Република Македонија е потписничка. Опфаќајќи ги тука и облигациите на Република Македонија пред ОБСЕ, како нејзина членка на став 21 од Московскиот документ на ОБСЕ, кој е education за сите евентуални пречекорувања. Да се изведат пред суд и да одговараат кривично тие кои доаѓаат во судир со законот. Тоа вреди и за самата полиција.

3. Во Гостиварскиот случај имаме три жртви, многу ранети од огнено оружје, ѕверски тепани и малтретирани, ограбувани многу граѓани. Ниту една кривична пријава против сторителите немаме. Се поставува прашање. Во каква држава сме ние, а истото го рече и МВР и министерот има поднесено кривична пријава против непознатите сторители. Ако е тоа така, зошто не постапила на терен, имало досега два и повеќе месеци, бар да излезе тука на говорница, пред јавност и да бара дека филан и филан се убијци или оние што ги имаат утепани жртвите кои подлегнаа во настаните во Гостивар.

Каде го пишува ова, во кој закон, во кој Устав, во која држава на светот да се пролева крв, да се убива и никој да не се казнува, да не одговара неказнето, значи да се пролева крв и да не се казни за тоа, да не се земе на одговорност. Тогаш каде би бил нашиот морал. За каков човек и за каков министер тогаш станува збор. Кои луѓе седат во Владата на РМ.

4. Изјавата на Томислав Чокревски по повод неговото барање за оставка од министер за внатрешни работи - цитирам:

"ако паднам јас, се треба да падне, ако јас дадам оставка, тоа значи дека целата акција, целата оваа работа, уставноста, се треба да паѓа.

Со мојата оставка ќе треба многу работи да се случат. Јас не сум битен како Чокревски. Битна е акцијата."

Господине министре Чокревски - вие себе си се споредувате со систем и институции, вие се идентификувате со државен систем и државни институции. Ако падне Чокревски, значи ќе падне државата. Јас

сакам да бидам убеден дапи е дозволено еден минситер на Владата на РМ така пред јавноста да излезе и да каже.

Дали за оваа ваша изјава дадена во дневник - сабота на 26 јули 1997 година е запознат Бранко Црвенковски - премиер на Владата на Република Македонија, премиер на нашата Влада.

Дали со оваа ваша изјава е запознат господинот Киро Глигоров - претседател на Република Македонија. Вие со ова изјава излагате и над двата клучни луѓе во РМ.

Во колку не се запознати уште потрагично и поболно би било. Јас сум сигурен дека тие не се запознати.

5. Установено е дека обрасците се базирани врз основа на закон за кривичната постапка од 1985 година. Закон кој не е во употреба - цитирам (Службен весник на Република Македонија од 29/85) и врз основа на член 151 од Законот за кривична постапка и член 15 од Правилникот за вршење на работите за јавна безбедност - закон и правилник кои не се во сила. Минатиот пат ви оставивме една таква покана во вашето седиште, тука кај што седите и вие сега, не вие да дојдете и бидете поканети на некој така наречен разговор, туку вие сами да се уверите. За жал вие не сте информирани, се она што се всушност случува на теренот. Немате контрола во Министерството за внатрешни работи. Немате воопшто познавање се што се случува во тоа Министерство. Можеби и вас ви фризираат, ако е тоа така би било уште потрагично. Инаку, не ќе можам да бидам убеден во тој дел дека вашиот настап на говорница да е дециден, дека ги имате првичните информации.

6. Вие немате право демагошки да истапите во Парламентот со вашата изјава.

Цитирам дел од неа:

Не е во прашање само знамето. Прашање е на тенденцијата на создавање на параструктура во Западна Македонија, која го загрозува, по мое длабоко уверување, интегритетот на Република Македонија, потоа додадовте, цитирам:

"Немојте да мислите дека во Министерството за внатрешни работи нема други оценки и други констатации за ситуацијата во Западна

Македонија. Ќе ве потсетам и отворено ќе кажам, дека ние имаме служба за државна безбедност и контраразузнавање."

Информациите што ги имаме (наведува) Чокревски, укажуваат на сериозна ситуација во западниот дел на Македонија, која настанува под влијание и на Албанија и на Косово.

Господине Чокревски, по вашата изјава овде пред нас пратениците во Собранието на Република Македонија дека вие и вашата служба располагате со име и презиме за сето тоа. Се поставува прашање за кого вие ги чувате тие имиња?

Зошто нам тие имиња, овде во највисокиот дом, законодавниот дом на РМ, зошто не се искажуваат. Ако не бидеме ние информирани ние за тоа, тогаш кој би имал потреба за такво информирање, за кого ги чувате тие имиња. Зошто нас тие имиња не ни се познати, како пратеници.

Кои се тие луѓе, од каде се, што работат и кај работат, кај живеат тие луѓе и со кого соработуваат.

Зошто таквите луѓе барем мене не ми се познати, а верувам дека непознати се за мнозинството на Албанците во Република Македонија.

Која организација ги финансира нив и ред други прашања што сигурно има за поставување многу.

Зошто чекате, зашто не ги кажувате, зашто не се осмелувате да кажеш со име и презиме, па било да е тоа Сејфедин Харуни, било да е тоа Јанко и Петко, било кој да е со име и презиме. Јас таков отворен дијалог прифаќам и ќе бидам доста задоволен и дециден, ќе прифаќам и заедно, со заеднички сили ќе се вклучиме за сузбивање на сите такви организации, илегални и легални кои сакаат да го нарушат системот и државноста на РМ.

А, господин Чокревски мисли, она што го рече Тантаров, пред малку, дека, кој кого го плаши. Тантаров, ние нема веќе што да се плашиме. Ние скоро да сме штавени со ова. Секогаш едно исто ни се наметнува. Доколку не проговори министерот, мисли дека е во интерес на РМ, во интерес на сите граѓани, јас не сум убеден, а не сте убедени ни вие. Ни граѓаните на РМ. Ако г-дин Чокревски не проговори. *

Ние како пратеничка група поднесовме и писмено барање, да се напише информација од ресорното министерство и да се каже со име и презиме. Но јас така не мислам како што мисли г-дин Чокревски. Себеси

XIII/6

Го мислам за многу загрижен за сите состојби што го засегнуваат не само државниот интегритет, туку и за мирот и благосостојбата на сите граѓани на Република Македонија без разлика на вера и јазик.

Во колку не проговорите за се отворено, тогаш останувате на тоа дека немате воопшто што да кажете конкретно. Јас сум убеден дека воопшто немате конкретно што да кажете. Би било коректно и фер да кажете дека Харуни или било кој друг е тој што е замешан во таа гнасна политика. Јас сум убеден дека нема што да кажете, туку на сред бел ден демашни се однесувате прво спрема македонците, потоа спрема сите граѓани на Република Македонија - Албанци, Турци, Власи, Роми, Срби и сите што ги има во РМ.

Зошто вие ни државте еден ист говор овде во Собранието на Република Македонија каков што беше и говорот на Лазар Мојсов на вонредната седница на Собранието на СФРЈ одржана на 1 март 1989 година во Белград.

Цитирам дел од неговиот говор:

"Правната држава во Косово 1981 година и подоцна воопшто, а контрареволуцијата непрекинато трае. Континуирано дејствување на непријателски организации со разни имиња и платформи. Како што оценија некои, е вистински штабски документи за акција. Лазар Мојсов констатирал дека на Косово трае мошне долго таа контрареволуција почнувајќи од 1941, 1945, 1948, 1968 година и натаму се до 1981 година. Документ што мавташе пред сите претставници на високиот дом на Федерацијата кој воопшто не излезе на виделина, воопшто не виде бел ден.

Во времето кога Албанија беше меч на коминтеровската субверзивна активност против Југославија, се чини дека порано е воспоставена нејзина разузнавачка служба со пунктови на Косово.

Завршив во цитатот на г-дин Лазар Мојсов.

Вие господине Чокревски....

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Јас ве молам да се обраќате на Парламентот г-дине Харуни, перманентно се обраќате на една личност. Ве молам, да му се обраќате на Парламентот.

XIII/7

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас мислам дека интерпелацијата се однесува лично за него.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Но, вие обраќајте му се на Парламентот, како што е деловнички предвидено, ве молам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Бидете стрплив, нема да се задржам многу, (смеа во салата)

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За тоа ви верувам јас.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Додека вие г-дине Чокревски спомнувате, цитирам на сериозна ситуација на Западниот дел во РМ која настанува под влијание и на Албанија и на Косово.

Господа, ние тука потпомогнати, се мисли на сите оние кои се инволвирани во илегални и легални организации за подривање на системот на РМ, дека потпомогнати сме од Албанија и од Косово. Никој тука не станува да каже и Албанија и Косово во моментов се обезглавени и дали се тие во состојба на некого да му помогнат кога тие не се во состојба на себеси да си помогнат.

XIV/1.- ДВ/0М

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ: (**Продолжение)

Господинот Чокревски ме потсети на едно блиско минато на говорот на Лазар Мојсов во Белград. Целта на тој говор, во тоа време, пред највисокиот дом на федерацијата беше јасен и нам ни е познат, но недоволно познат за македонците е Вашиот истап во овој дом на државата. Јас сакам да помогнам во конкретниот случај.

Дами и господа пратеници, албанците во изминатиот период беа осудени заради нивно учество во демонстрациите на Косово, заради вербална поддршка на идејата за Косово - Република, поради носење на албански национални симболи и пеење на песни, барање за изведување на настава на албански јазик во сите степени, вербални истапи на некои обични кривични дела или најбанални прекршоци, дури и сообраќајки, за што еднаш им е препишувана казна затвор со политичка позадина, без критички став дали навистина се работи за свесна политичка акција или за обично дело што го прават сите без оглед на националната припадност. Последиците од таквата политика беа катастрофални и за албанците и за македонците. Таква катастрофална политика, за жал се води и денес. Кај албанците се јавува од ваквите постапки омраза и отпор Искрено власта и страдаат невини луѓе, посебно млади жигосани како националисти, шовинисти и така натаму.

Негативните последици кај македонците ги гледам во фактот што преку) постојаното потенцирање на наводната опасност од албанскиот национализам и сепатаризам вештачки се создава омраза кон сите албанци чии последици се чувствуваат и претставуваат огромна пречка за воспоставување на трајна меѓуетничка доверба, почитување, разбирање и толеранција во Република Македонија сите граѓани без разлика на вера и јазик.

XIV/1.-

Ќе повторам. Состојбата на меѓуетничка недоверба и сомневање освен на нашите заеднички непријатели не им одговара ниту на македонците ниту на албанците. Тогаш зошто господине Чокревски произведуваш непријатели само од редовите на албанската националност. Ако ќе повторам, имате име и презиме, организација и излези, ние ќе ти бидеме што се вели, од помош само нека се образложи тоа крајно обејк тивно. Инаку не сме во состојба повеќе, при секоја акција, при секо вербален деликт тоа да се извади од ракав и да се направи она што сте го наумиле. Јас не сум свесен дека тоа може да не доведе на прав пат или на разбирање, или пак можеби Вие не сте информирани добро, можеби од теренот немате правилни информации, или пак доколку ги имате тогаш сигурно сакаш да ги покриеш своите слабости и слабостите на власта за да се издигне Ваша одговорност и да се заплаши народот, посебно македонскиот дека треба да молчи, бидејќи албанците само што не дигнале бунт или не се отцепиле од Македонија. Ваква пресија на првиот човек на македонската полиција.

Она што го рече Тантаров и еден друг пратеник од Куманово одговорноста треба да ја имаме пред оваа говорница затоа што зборуваме и како зборуваме. Не можеме народот да го држиме во пресија. Само што не се дигнале албанците на бунт и да се отцепат од Македонија. Ако тоа не се докаже тоа е чиста фраза, чиста демагогија, тоа би била чиста лаж, што друго би било. Ако господин Мојсов мавташе таму со некој штабски документ и ги доведе во прашање сите напредни сили во тоа време, и заправо тие го подржаа национализмот и експанзијализмот на Србија. И им даде зелено светло таа српска политика да го направи тоа што го направи.

XIV/3.-

Доколку тоа е тоа вистина, Вашиот истап пред нас беше вистинит, сигурен сум дека Вие трошите многу време за тоа да не тормозирате месеци дена и повеќе овде место да се посочи и да се каже тоа е Јанко, Петко и така натаму. Тогаш сите ќе бидеме олеснети, а не секогаш да ни се држи како мач над демоклејот зад врата.

Реков многу време губите аз да му докажете на овој јаден народ за опасностите од овој вид национализам, а под зборот јаден мислам на сите подеднакво, сите македонци, сите албанци и сите не зини граѓани.

Дали е тоа вистина што Вие мавтате дека опасноста доаѓа од Албанија Косово, две земјо кои не знаат моментално кај им е главата, или пак секогаш на тоа се повикувате. како да е тоа некоја голема земја, некоја голема сила, некоја стопански јака земја. Со магаре може човек и уздуш и попреко за еден ден да ја помине земјата. Секогаш ни се наметнува голема Албанија, голема Бугарија, голема Србија и што не друго .Па сите балкански земји да се во една федерација пак е Балканот таков како што е. Зошто да патим еод такви болни амбиции. Најмалку ние имаме потреба од такви болни амбиции. Тоа би било срам за нас на прагот од XX1-от век да не се откажеме од илузиите и болните амбиции.

Господа, време е за отрезнување. Бес сомневање некогаш ние овде албанците се задржуваме ан говорница, но ние сме во судир сонеправдата. Таа особено се наметнува од некои од официјалната власт Не се сите криви. Би било крајно неодговорно ако кај било кого во Република Македонија и оваа моја дискусија се прогласи како андимакедонска и антидржавна. Јас исто така сакам да придонесам и да не губиме многу време и да не го лажеме вздан народот, да не го држиме во една ваква пресија, доколку ова не се преземеше ќе пропаднеше ова

или пак доколку јас не сум тука бидете сигурни се ова ќе пропадне. Ако Сејфедин е тој што ќе треба да остане и да не падне албанската кауза, подобро да го нема.

На крај, никој нема право преку животите на недолжните граѓани албанци и други жители на Република Македонија да израмнува политички сметњи, Вие господине Чокревски најмалку имате потреба од тоа. Човечкиот живот е една секаква политичка заповед, да победи разумот и достоинството, да се спречи целосна поделба што сведочи дека во Гостивар повеќе не живејат во регионите еден до друг туку граѓаните еден до друг, таа недоверба да се врати кај граѓаните. Тоа е наш интерес. Лоша и нехумана е политиката која дозволува сомневања. Дали е позначаен животот на луѓето или по секоај цена зачувување на политичка функција, било да е тоа Чокревски или Сејфедин Харуни како пратеник во ова Собрание. јас мислам дека човечкиот живот и се она што би требало ние во рамките на Уставот и системот да функционира е поважно отколку фотељата на било кого, на министер или на пратеник Сите треба да дигнеме глас против се она што води кон вонредни сосотјба би и крвава граѓанска војна. Изразувајќи уверување дека победи волјата на луѓето кои сакаат Македонија да живее мултикултурно и мултиконфесионална да се живее во слога , мир и заедништво пред се и сите како рамноправни, тоа е наш интерес, тоа е интерес на граѓаните на Република Македонија.

Ние албанците не сме подготвени да трпиме политика со која државата со вонредни мерки ги решава политичките, стопанските и анционалните проблеми. Затоа не ќе можеме да молчиме. Тоа е курсот на политичката партија на која јас и припаѓам на Партијата за демократски просперитет. Ако и на овој курс му одвраќаме со узурпации

на права, тогаш јас сум сигурен дека еден ден проблемите ќе ни бидат уште поголеми. Би било крајно неодговорно ако било кој од пратениците во Собранието походот на полицијата во Гостивар го оправдува Такви постапки се само една бесмислена чивија која воопшто не поминува ни на македонските вашари. Македонскиот политички субјект, за жал застана наспроти албанскиот политички субјект и сега имаме мошне деликатен проблем што правно мошне тешко се лоцира . Тоа е Гостивар. Работите се комплицираат уште повеќе со тоа што постоечкиот политички субјект користи постоечки институции на власта. Сето тоа врз снова на досега познатите политички правни системи, дел на членови ва Владата на Република Македонија придонесоа за овие недоразбирања на меѓуетнички палан и тоа ако не смогнеме снаги грдно ќе ни се одрази.

(Интервенција на одделни пратеници дека во салата нема кворум)

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, да се повикаат пратениците во салата. Има збор, господинот Сами Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Ние денес расправаме тука за интерпелација на господинот Чокревски, меѓутоа во дискусиите слушнавме и некои зборови кои воопшто не беа спомнати барем од страна на пратениците албанци. Ние тук сме за да ја дознаеме или приближно да дојдеме до фактичката состојба за време на настаните и после настаните во Гостивар.

Пратеникот Тантаров во својата дискусија направи грешка Никој овде не рече дека ќе се бара една или сто глави од министерот

никој не спомна голема Албанија ниту полиција Прилепска, Кумановска, Битолска или незнам што, тој токму тие изрази ги употреби тука: Голе- ма Албанија, сто глави на, министерот , јавно извинуваше за битолските полицајци и т.н.

Јас јавно се оградувам од вакви дискусии кои само можат да му наштетат на заедничкото живеење. Затоа дискусијата на господинот Тантаров ја вреднувам само како еден политички таратор и ништо друго.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Тантаров бара реплика.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Најпрвин јас не знам што пратениците од ПДПА ги навредив со мојата дискусија во која се заложив, наместо да ораме за производство на омраза меѓу Македонците и албанците да ораме за тоа наше со- жителство што не го измисливме ни јас ни Пурде, туку го измислија нашите дедовци да живејат на овие мали простори.

Што се однесува до прашањето, кога реков министерот да има сто глави ќе му се земат и ќе остане и без една глава. Господо тоа е една голема вистина која ние ја слушаме овде четири дена. Кој може за тоа да каже не. Не треба за ова да се вреѓате.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Бидејќи сите расправаа овде во Парламентот,, знаеме што ни е денеска тема на дневен ред и секој треба да биде свесен што ја

поминал црвената линија. Се знае дека министерот, Министерството односно полицијата си ја изврши својата работа.

Јас од моја страна и од мојата партија Сојуз на ромите давам поддршка на министерот за внатрешни работи и нормално ќе гласам против интерпелацијата односно ќе го поддржам министерот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ :**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Пред да поминеме на гласање сакам да Ве информирам дека за интерпелацијата се гласа за мнозинство со гласови од вкупниот 5ccj на пратеници.

Молам, да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Молам, за точен број на пратеници.

Бидејки имаме кворум предлагам да поминеме на гласање.

Врз основа на расправата по интерпелацијата, го ставам на гласање следниот заклучок.

1. Собранието утврдува дека министерот за внатрешни работи д-р Томислав Чокревски е политички одговорен за дејствијата наведени во интерпелацијата.

2. Овој заклучок да се достави до претседателот на Владата на Република Македонија, до министерот за внатрешни работи и до подносителот на интерпелацијата.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(12)

Констатирам дека предложениот заклучок не е усвоен.

Според тоа констатирам дека Собранието не наоѓа основи за утврдување на политичка одговорност на министерот за внатрешни работи д-р Томислав Чокревски во врска со интерпелацијата.

Предлагам овде да ја прекинеме седницата. Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Седницата прекина во 19,45 часот.